МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: ГРАЃАНСКО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

АНАЛИЗА НА КУЛТУРНА АКОМОДАЦИЈА ВО МУЛТИКУЛТУРНО ОПШТЕСТВО

СТУДЕНТ: **МИЛТОН МАНАКИ**
БРОЈ НА ИНДЕКС: **М 207012**
МЕНТОР: **ДОЦ. Д-Р ЕМИЛИЈА ИЦОСКА**

Свети Николе, 2021

Изјава на кандидатот

Изјава

Јас, Милтон Леонид Манаки, изјавувам дека поднесениот магистерски труд по наслов: Анализа на културна акомодација во мултикултурно општество, е мој самостоен труд, кој е резултат на самостојна научна работа. Во согласност со претходното, изјавувам дека ги прифаќам сите права, обврски и одговорности кои произлегуваат од актите кои ги регулираат прашањата на авторските и сродните права.

Датум: **Изјавува кандидат:**

10.11.2021 **Милтон Манаки**

Содржина

Вовед.....5

Глава I Општи теоретски определби за културата, мултикултурализмот и акомодацијата во мултикултурно општество.....6

1.1. Формулација на проблемот на истражување за мултикултурата и акомодацијата.....10

1.2. Историјат и различни периоди од појавата на мултикултурното општество.....11

1.3. Културни различности, етнички предрасуди и етнички стереотипи.....11

1. 4 . Конфликтот од 2001 година и Охридскиот рамковен договор.....17

1. 5. Појава на мултикултурализмот во другите земји.....20

1.6. Поим за култура и мултикултурализам.....23

1.7 . Акомодацијата и етноцентризмот како различни процеси и спротивности.....26

1.8. Културата и мултикултурализмот.....29

1.9. Културните припадности се флуидни и динамични.....31

1.10. Што се тоа културни потреби?.....35

1.11. Што е тоа демократска култура?.....35

1.12. Два концепти - интеркултурализам и мултикултурализам.....38

1.13. Интеркултурен дијалог за акомодација.....39

1.14. Што е акомодација и како се манифестира таа?.....40

1.15. Неминовна е потребата од меѓукултурен дијалог за надминување на бариерите и противречностите.....41

Глава II.....43

2.1. Мултикултурализмот и акомодацијата преку културните и јазичните политики во Република Северна Македонија.....44

2.2. Етимиолошко значење на акомодацијата.....44

Глава III.....49

3.1. Потреба за развој на културните и јазичните политики во Република Македонија: реална состојба за интервенција или акомодација под притисок.....50

3.2. Историски преглед на акомодирање на културните и јазичните различности во Република Северна Македонија.....53

3.3. Мултикултурниот и јазичниот статус со барањата за акомодација.....61

3.4. Интеркултурна акомодираност- прилагоденост.....67

Глава IV. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....70

4.1. Методи и начини на спроведувањето на истражувањето.....71

4.2. Определување и дефинирање на проблемот на истражување.....71

4.3. Цели на истражувањето.....73

4.4. Општествена и научна оправданост на истражувањето.....74

4.5. **Хипотетска рамка или хипотеза како предмет на истражувањето.....75**

4.6. Варијабли на истражувањето.....75

4..7. Модели на интеркултурниот простор.....76

Глава V.....77

5.1. Граѓанскиот сектор има голем придонес кон акомодацијата за меѓусебно прилагодување на различните етнички заедници и во мултикултурните политики.....78

Глава VI.....81

6.1 Примената на емпириското истражување како релевантен фактор за научна заснованост на резултатите добиени за поставената тема.....82

6.2. Методолошки истражување кои се применуваат за осознавање на придонесот на процесот на акомодација од аспект при надминување и решавањето на спорните меѓунационални односи.....83

6.3 Методологија и примена на инструменти во истражувањето со анализа на податоците.....87

6.4.Статистичка обработка на податоците.....87

Добиени резултати од спроведеното емпириско истражување за процесот на акомодација во различни мултиетнички средини.....88

Заклучок.....99

Листа на клучни термини по азбучен редослед 101

Користена литература.....103

Вовед

Терминот мултикултурно општество сѐ почесто почна да се употребува на крајот од 20-тиот век и почетокот на 21-от век.

Модерните општества во голема мера се соочени со малцинските групи кои бараат признавање на сопствениот идентитет и приспособување на нивните разлики. Тоа најчесто се означува како предизвик на мултукултурализмот. Но, терминот „мултикултурален“ често покрива различни облици на културниот плурализам, од кој секој за себе претставува сопствен предизвик. Малцинствата се инкорпорираат во политичките заедници на различни начини, од освојување и колонизација на претходно самоуправуваните општества, до доброволна имиграција на поединците и семејствата. Овие разлики во начинот на инкорпорација влијаат на природата на малцинските групи, како и на типот на односи кои тие сакаат да ги воспостават со поширокото општество.[1]

Поранешното поимење и сфаќање на општеството при крајот на минатиот век и во почетокот на овој век претрпе големи промени, токму поради распадот на поранешните социјалистички држави, сојузи и федерации, како што беа државите на поранешниот Советски Сојуз и Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Тука спаѓаат и голем број други држави од светот, кои на еден или друг начин се најдоа во таканаречената транзиција.

Строгите етатистички државни уредувања по Втората светска војна функционираа по закоравени државни режими, кои на внатрешен план не дозволуваа соодветна мултиетничност, туку постоеја задушени права на полето на културното изразување на одделни народи, етнички заедници и нации.

Имено, со најдраматичните конфликти што се случија кон крајот на 20 и на почетокот на 21 век, се потврди дека тие се предизвикани од конфронтацијата меѓу спротивставените идентитети, со што, исто така, се докажа дека

[1] Владо Петровски, Снежана Мирасчиева, МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ И ИНТЕРКУЛТУРНА КОМУНИКАЦИЈА

формирањето на идентитетот е фундаментален лост на општествената динамика. Всушност, зголемената моќ на идентитетскиот дискурс го обремени, но истовремено и го предизвика: политиката, либералната демократија, глобализацијата, геополитиката, т.е. целокупниот општествено-политички хабитус на раниот 21 век[2].

Во државите во транзиција, меѓу кои спаѓа и Република Северна Македонија, долги години Поранешна Југословенска Република Македонија (ФИРОМ), беа направени радикални промени во државното и општественото уредување, притиснато од разни влијанија од страна на соседните и државите од Европската Унија и САД, при што се изродија многу проблеми при заокружувањето на државноста, законската лигислатива и на внатрешен план.

Мултикултурализмот денес е едно од најактуелните прашања и е најдоминантно поврзан со мултиетничноста, бидејќи во хетерогените општества најчесто се расправа за етнокултурните и за расните идентитети. Но, поимот мултикултурализам не ја опфаќа само мултиетничноста, што ќе биде објаснето во наредните поглавја од трудот, во кои ќе се посвети поголем простор на акомодацијата на различните ентитети кои битисуваат во неа. Според Марио Мартинело[3], во минатото етнокултурната различност најчесто се третирала како опасност за политичката стабилност, а малцинствата биле предмет на разни политики со кои се сакало тие да се асимилираат или да се маргинализираат. Некои теоретичари, меѓу кои и Вил Кимлика, сметаат дека западната политичка традиција била молчалива спрема овие прашања, а ваквата воздржаност на западните политички теоретичари се должи на фактот што тие во анализите оперирале со идеализиранот модел на полисот (државата), во кој сите граѓани споделуваат заедничко потекло, јазик и култура. Кимлика вели дека низ историјата владите за да го остварат идеалот на грчкиот полис, во однос на етнички различните малцинства, често спроведувале брутални политики на геноцид,

[2] КУЛТУРНИТЕ ИДЕНТИТЕТИ ВО ПОЛИТИКАТА - аспекти на мултикултурализмот, Фондација Конрад Аденауер, Канцеларија, Скопје/Македонија, Автор Ана Чупеска

[3] Martinelo, Mario, The State, The Market and Cultural Diversity, Imigrants and Mignorities, vol.22., Taylor & Frances. Ltd., 2003

прогони, асимилации, физички и економски сегрегации, дискриминација, а редовно им биле оспорувани и политичките права.

Во општество во кое се преплетуваат неколку култури, не може да станува збор за граници. Постоењето граници во мултикултурното општество всушност значи дека тоа општество не е мултикултурно, туку дека во него доминира една култура која сака да наметне и одржува контрола над другите култури. Никогаш не сме живееле во такво општество, општество на строго контролирани култури. Ние живеевме и растевме во еден вид мултикултурно општество, во социјалистичко-комунистичката верзија што постоеше во поранешна Југославија, Всушност, кога идеолошкиот слој е отстранет од двете верзии, се сфаќа дека нема никакви разлики, мултикултурното општество или постои или не постои; културите или се испреплетуваат или демнат секоја во својот агол; уметниците или се отвораат на различни влијанија или се затвораат во ограниченият простор на нивната локална традиција. Иако преовладуваат тенденции за наметнување на вредностите на мешаната култура, мораме да нагласиме дека не сме сигурни дека таа е сама по себе подобра од независна, локална култура. Во двете култури, уметниците можат да создаваат вредни дела; во двете култури тие можат да се лизгаат во идеолошки обрасци; во двете култури тие треба да се справат со некултурните фактори кои сакаат да ги контролираат културните текови. Предноста на мултикултурното општество е само тоа што го олеснува справувањето со предрасудите врз кои се заснова политиката на величење на моноетничката култура, иако тоа не е гаранција дека поединец од мешано општество ќе ги види механизмите на предрасудите што можат да го доведат до матниот талог на расизмот.

Во овој магистерски труд ќе истражуваме за културната акомодацијата во мултикултурните општества и што најчесто подразбираме под прилагодување на меѓусебните култури на повеќе ентитети во една мултикултурна средина.

Анализата, која ќе ја изработиме, ќе опфати повеќе сегменти кои се однесуваат на мултиклтурализмот со цел да ги согледаме етнолошките аспекти на

културата на најразлични етнички заедници кои живеат во една средина со изострени меѓусебно верски, расни и идеолошки разлики.

Глава I Општи теоретски определби за културата, мултикултурализмот и акомодацијата во мултикултурно општество

1.1. Формулација на проблемот на истражување за мултикултурата и акомодацијата

Проблемот кој е предмет на истражување е **културната акомодација** во мултикултурно општество како што е Република Северна Македонија, што претставува и тема на овој магистерски труд, во кој ќе се обидеме терминолошки да го лоцираме како процес кој е присутен во мултиетничките средини во нашата земја. Неговиот израз во некои средини се истакнува повеќе, а во некои помалку. Сето тоа е зависно од многу фактори. Хипотетички поставено, може да се каже дека во последните неколку години акомодацијата е сѐ поприсутна во македонското мултиетничко општество.

Во истражувањето и обработката на предметната материја се применуваат научни методи кои се применуваат во општествените науки. Покрај теоретските истражувања, се применуваат и аналитичките, компаративните и статистичките методи. При изработка на трудот се применети и други методолошки постапки, кои резултираат како во теоретскиот дел, така и во практичните сознанија.

Методолошкиот пристап во изработката на магистерскиот труд е мултидисциплинарен. Во настојувањето да се овозможи поголема прегледност при изработка на трудот ќе бидат применети повеќе методолошки постапки кои ќе се темелат како на теоретските, така и на практичните сознанија и тоа: метод на анализа, метод на индукција и дедукција, метод на компарација, метод на квалитативна анализа, потоа синтезата како метод, којшто појавите ги сфаќа како дијалектичко единство на разновидни, но внатрешно поврзани елементи, кои чинат единствена целина, статистички метод.

1.2. Историјат и различни периоди од појавата на мултикултурното општество

Историските бурни настани во минатиот век придонесоа голем број нации, народи, етнички заедници да се мобилизираат со една единствена цел, да се изборат за своите етнички и социоекономски права. Периодот за време на Првата и Втората светска војна се карактеризираше со голем број превиривања помеѓу

различните национални ентитети. Во периодот од формирањето на Стара Југославија беа признаени само неколку нации, односно таа беше држава на Србите, Хрватите и Словенците, додека другите народи кои живееја на тие простори не беа државотворни народи. Со формирањето на СФР Југославија по Втората Светска војна, во таа федерација беа признаени 6 Републики и 2 Покраини. Во тој период и Република Северна Македонија егзистираше како Социјалистичка Република Македонија, а во неа живееја покрај македонскиот народ и поголем број други националности и тоа: Албанци, Турци, Роми, Срби, Црногорци, Бугари, Бошњаци, Власи и други помали етнички заедници.

Распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија повторно предизвика нови национални превиривања и конфликти, кои добија карактер на меѓународни војни. Во овој временски период, Социјалистичка Република Македонија стана Бивша Југословенска Република Македонија (ФИРОМ). Иако, како Република Македонија нашата земја беше признаена од голем број земји во светот, но спорот со Грција стана горлив проблем за заокружувањето на државноста и вклучувањето на земјата во Евроатланските интеграции. Како резултат на ова, освен надворешните проблеми, настанаа и внатрешни меѓународни проблеми, коишто доведоа и до меѓународен конфликт во 2001 година.

Етничката структура на Република Македонија е земја која и во минатото и денес ја карактеризира многу сложена и комплексна етничка композиција. Според пописот од 20 јуни 1994 година, во Република Македонија живеат вкупно 1.936.877 жители, од кои 1.288.330 Македонци или 66,5 %, 442.914 или 22,9 % Албанци, 77.252 или 4 % Турци, 43.732 или 2,3 % Роми, 39.260 или 2 % Срби, 15.315 или 0,8 % Муслимани, 8.467 или 0,4 % Власи и 22.607 или 1,2 % од останатите националности.

Сите овие бројки треба да покажат еден многу внимателен и чувствителен однос на сите етнички заедници во Република Македонија во меѓуетничките односи и меѓуетничката комуникација за да се избегнат сите можни конфликтни ситуации на меѓуетнички план во сите сегменти на општественото живеење

(политиката, образовнието, културата). Во овој дел поаналитички, односно поцелосно ќе се задржиме на промените во етничката структура на Република Македонија, следејќи еден подолг временски период и тоа започнувајќи од почетокот на овој век, па сè до Првата светска војна.[4]



Постари статистички податоци и пописи за етничката структура во Република Македонија со поцелосни податоци за населението во рамките на Османлиската Империја не постоеле, со оглед на неприцизноста на документацијата и тенденциозноста на пресметките на другите. Сепак, би истакнал некои статистики, кои ако ништо друго, приближно ја отсликуваат структурата на населението од тој временски период. Според една француска статистика, пак, која ја споменува Данчо Зоградски, Република Македонија без нејзините северни краишта на почетокот на 19 век имала 968.000 жители, од кои три четвртини (724.500) биле Христијани и една четвртина (204.000) Муслимани.

Поаѓајќи од две други француски статистики, Крсте Битоски се обидел да направи сумарен приказ на населението од почетокот на векот. Така, вкупниот

[4] Исто- Владо Петровски, Снежана Мирасчиева, МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ И ИНТЕРКУЛТУРНА КОМУНИКАЦИЈА

број на население на територијата на Македонија на почетокот на векот, како и нејзиниот етнички состав, според Битоски е следниот:

Табела 1: Етничка структура на населението во РМ

Етничка структура на населението во Република Северна Македонија	Вкупно
Турци	542.000
Албанци	152.000
Роми	7.000(47 000)
Македонци	997 000
Власи	75 000
Грци	272 000
Евреи	56 000
Вкупно	2 101 000

За најсистематски зафат за пресметување на населението на Македонија од почетокот на овој век се сметаат статистиките на К'нчов. На овие статистички податоци ќе се задржиме посебно, затоа што иако нецелосно, нудат најверодостојни податоци. Имено, во својата статистика на Македонија, К'нчов во проценатa на структурата на нејзиното население користел повеќе извори на податоци, од кои за ниту еден не може да се каже дека бил прецизен. Тој ги имал предвид податоците што ги имале собрано други истражувачи, како и османлиските административни книги.

Меѓутоа, податок на кого најмногу се потпирал бил бројот на куќите во населените места, па според бројот на куќите во населените места, преку множење со коефициент, односно со коефициентите на просечното семејство, го добивал бројот на населението. На почетокот од векот, во време кога Македонија сè уште била во составот на Османлиската Империја, К'нчов ја класифицирал етничката структура на своја скала, вклучувајќи пет членови: Бугари (односно македонско население именувано како бугарско), Турци, Грци и Арнаути, населени

во јужните и западните покраини на земјата, Власи, Роми и Евреи, расеани низ земјата и мали остатоци од Черкези, Срби и други народи во поморските градови. Покрај етничката основа, како критериум за разграничувањето на населението во посебни категории ја зел и вероисповетта.

Табела 2: Структура на населението по народност според пописите од 1948 до 2002 година изразено во проценти за Република Македонија

	1948	1953	1961	1971	1981	1994	2002
Македонци	68,5	66,0	71,2	69,3	67,0	66,6	64,17
Муслимани Бошњаци	0.1	0,1	0,2	0,1	2,1	0,8	0,84
Албанци	17,1	12,4	13,0	17,0	19,9	22,7	25,17
Турци	8,3	15,6	9,4	6,6	4,5	4,0	3,85
Срби	2,6	2,7	3,1	2,8	2,3	2,1	1,7
Роми	1,7	1,6	1,5	1,5	2,3	2,2	2,66
Власи	0,8	0,7	0,6	0,4	0,3	6,4	0,48
Други	0,9	0,9	1,0	2,3	1,7	2	1,05
Вкупно	100	100	100	100	100	100	100

Земајќи ги предвид и анализирајќи ги промените во бројот кај сите етнички етнитети во Македонија, според податоците од сите редовни пописи на населението, можеме да заклучиме дека најголема заедница во Македонија е македонското население, кое гледано од аспект на неговиот раст или во сите скоро 50 години го задржува скоро истиот процент во однос на вкупното население во Македонија, кое најмногу е изразено во 1961 година со 71,2 %, до 66 % во 1994 година, што покажува мало намалување на македонската етничка заедница во однос на останатите етнички заедници.

Основите за овој мал процент на намалување на македонското население во сите овие години можат да бидат најразлични, но како една од можните причини најмногу се истакнува намалувањето на наталитетот кај македонската

популација во однос на останатите етнички заедници, исклучиво споредено со албанскиот етникум, како и миграцијата на одреден процент македонско население во западноевропските и прекуокеанските земји во потрага за подобар социјален статус. Турското население покажува најголеми промени во бројноста, во однос на останатите етнички групи во Македонија, во смисла на неговото константно намалување. Според пописните податоци, одредена диспропорција се јавува само во периодот меѓу првиот и вториот попис, кога бележиме удвојување на турското население, кое во 1948 година во однос на останатото население во Македонија изнесувало 8,3 %, а во 1953 година 15,6 %.

Имено, во наредните десет години бележиме пад на бројот на населението на турската популација во Македонија на 9,4 %, што е скоро половина помалку во однос на пописот од 1961 година. Ваквиот тренд продолжува и понатаму, што покажува и податокот од пописот од 1994 година, според кој во Македонија од вкупното население само 4 % отпаѓаат на турската популација или 78.019 илјади, кој тренд продолжува и понатаму, така што според пописот од 2002 година, во вкупнато население на Република Северна Македонија има 3,85 % турско население. Албанското население бележи континуиран раст во Македонија, освен падот што го бележи според пописот од 1953 година, во однос на пописот од 1948 година, од 4 %. Во наредните десет години само за 0,6 % е зголемено и покрај огромниот наталитет. Во наредните години бележи континуиран раст, којшто можеме да го констатираме од следните показатели: од 12,4 % Албанци во 1961 година, во 1994 година во вкупното население на Македонија албанската група партиципира со 22,7 %, што е речиси два пати повеќе во однос на 1961 година. Порастот продолжува и понатаму, што покажуваат податоците од последниот попис од 2002 година, според кој албанската популација во вкупното население на Република Македонија учествува со 25,17 %. Ова, пред сè, е резултат на високиот наталитет на албанската популација, како и на механичкиот прилив на Албанци од Косово и соседна Албанија.

Ромското население во пописните податоци, тргнувајќи од 1948 година, покажува континуирано намалување во вкупното население на Македонија, сè до

1971 година, кое е сосема несоодветно со неговиот висок процент на наталитет. Наредниот попис, пак, покажува негово двојно зголемување, за да пописот од 1994 година повторно го констатира неговото намалување.

Забележан е голем расчекор кај Муслиманите меѓу бројот од 1971 година и оној потоа, кој е условен од клаузулите на нашата статистика, затоа што таа заклучно со пописот од 1971 година како Муслимани ги попишува само оние што се родени надвор од Македонија. Причините за овие диспропорции можеме да ги групираме во три групи. Првата група на причини лежи во договорот меѓу ФНРЈ и Република Турција за обештетување на турските добра, права и интереси национализирани во Југославија, кои во паушални износи бил договорен уште во 1950 година и допрецизаран во 1954 година.

Тој оставал можност за враќање во Турција на сите лица од турската националност, а таа можност всушност ја искористуваат сите групи со муслиманска вероисповед. Муслиманите што припаѓале на други групи, освен на турската, ја менувале својата национална припадност во турска, здобивајќи се така со право за емиграција. Втората група причини, која ги условува диспропорциите во податоците од последните пописи, се големите миграции во европските земји. Тие се нагласено големи кај ромската група (нејзиниот број од 55.575 во 1991 година се намалил на 43.732 во 1994 година), но во 2002 година повторно се зголемува на 53.879, поради нивното повторно враќање во земјата, а и поради нивниот голем наталитет.

Третата група причини се асимилациските процеси, односно пристапувањето на припадниците на помалубројните муслимански групи кон помногубројната албанска популација. Овој процес е карактеристичен за Муслиманите, чијшто број како што покажуваат пописните податоци, речиси се преполовил од 39.513 на 15.315 во последните четиринаесет години.

1.3. Културни различности, етнички предрасуди и етнички стереотипи

Културните различни особености зборуваат за различните историски околности и предуслови кои се случувале на тие простори, при што се создале

евидентни разлики кои еден народ или една етничка заедница ги издвојува од друга.

Постоењето на културни различности кај луѓето било застапено во минатото, но и ден денес е евидентна карактеристика кај скоро сите народи. Културата дефинирана како карактеристичен начин на живеење во општеството овозможува да се навлезе во разгледување на насоките во разликување на општествениот и културниот развој, односно на определување на културните различности.

Во овој правец треба да се истакне, како што се истакнува во најновите културолошки трудови, дека културните разлики помеѓу различните ентитети, односно различните културни системи на вредности, се разултат на различниот развој на културата и општеството, како и развојот на културата во историски различните услови во конкретни општества.

Всушност, културата како сложен феномен од општествени појави е длабоко поврзана со основните општествени матријални, политички и други процеси, односно таа е вклопена во нив. Затоа, покрај нејзиното детерминирање, потребно е да се нагласи дека таа во нејзиното историско постоење секогаш е карактеристична култура за едно дадено општество, на определен ентитет или заедница.

Во таа смисла, секоја култура ја карактеризираат свои оригинални културни својства, поврзани во релативно поврзувачки културен систем, со што многу лесно се согледуваат културните различности помеѓу различните општествени заедници и заедници кои се сконцентрирани на различни територии. Утврдените облици на однесување многу лесно се разликуваат од една до друга култура и многу често екстремно се поинакви од она што луѓето во поразвиените општества го гледаат како нормално. Секоја култура има сопствени единствени (уникатни) теркови на однесување кои најчесто изгледаат туѓи за луѓето кои имаат поинакво културно битисување и потекло. На Запад, на пример, убиството на деца се смета за едно од најстрашните злосторства, но во традиционалната кинеска култура женските

деца биле давени веднаш по раѓањето, затоа што се мислело дека тие се бреме или потенцијална тешкотија за семејството, а не принова. Исто така, во некои делови од светот некои народи имаат различни менија во својата исхрана, па едни продукти не ги јадат, а други најчесто ги користат како одредени посебности, а некои не.

Евреите и Муслиманите не употребуваат и не јадат свинско месо, додека пак кај поголем број европски народи свинското месо се употребува во исхраната. Во Индија, пак, свинско месо се јаде, а се одбегнува говедското месо, затоа што кравите се сметаат за свети суштества. Слична е ситуацијата кога во одредени култури (во најголем број земји во светот) бакнежот се смета за нормален дел на сексуалното однесување, но во многу други култури тој е непознат или се смета за одвратен.

Сите овие видови на однесување претставуваат аспекти на мошне големи културни различности, кои придонесуваат одредени општества да се диференцираат и одделуваат или да се разликуваат едни од други.

Од следната табела ќе можеме да воочиме некои проценки на населението на Македонија, според народноста и вероисповетта претставени нумерички и структурно.

Табела 3: Население на Македонија според верата и религијата и посебните етнички групи (1900 год.)

Народност	Христијани	Мухамедини	Јуданци	вкупно
Бугари	1.032.533 87,40 %	148 303 12,60 %		1 181 336
Турци	4240 0,85 %	494 964 99,15 %		499 204
Грци	214 329 93,72 %	14 373 6,28 %		228 702
Арнаути	9 510	119 201		128 711

	7,39 %	92,61 %		
Власи	77 267 95,67 %	3 500 4,33 %		80 767
Евреи			67 840 100 %	67 840
Роми	19 500 35,74 %	35 507 64,26		54 557
Руси	4 000 100 %			4 000
Черкези		2 837 100 %		2 837
Срби	400 57,14 %	300 42,86		700
Арменци	300 100 %			300
Негри		200 100		200
Грузини	60 100 %			60

1. 4. Конфликтот од 2001 година и Охридскиот рамковен договор

По конфликтот во 2001 година, се поделивме по секој основ, по однос на култура, религија, националност, јазик, политичка определба.

Ако живееме во мултикултурно општество и истото го промовираме како совршен модел за заеднички соживот и толеранција, недискриминација и разбивање на сите стереотипи и предрасуди, тогаш се поставува прашењето какво општество Македонија треба да гради.

Мултикултурализмот, како тенденција и тренд во светот охрабрува идеологија и политики кои ја промовираат оваа разновидност и негова

институционализација. Во таа смисла, мултикултурализмот е општество со богати човечки животи и желба кај луѓето да го изразуваат својот идентитет на начин што им одговара.

Мултикултурализмот е едноставен факт на културната разновидност и демографскиот состав на одредено место, понекогаш на организациско ниво, на пример, училишта, бизниси, градови или држави. Мултикултурализмот охрабрува идеологија и политики кои ја промовираат оваа разновидност и негова институционализација. Во таа смисла, мултикултурализмот е општество со богати човечки животи и желба кај луѓето да го изразуваат својот идентитет на начин што им одговара.

Многу работи кажани во неколку реченици, но сепак треба да се вратиме во реалноста, а реалноста вели, дека во Македонија, освен Македонците, живеат и Албанци, Турци, Роми, Срби, Бошњаци, Власи и други, секој со своја култура, обичаи, традиции, јазик и сè што го прави идентитетот на еден народ.

Во мултикултурно општество треба сите овие работи да бидат подеднакво застапени и почитувани, но дали е сè како што треба да биде?

По конфликтот во 2001 година се донесе Охридскиот рамковен договор, кој всушност е договор за внатрешното уредување на малцинските права во Република Македонија. Користејќи ги Бадентеровите принципи, Парламентот го изгласа Законот за употреба на јазиците, кој ги засега сите етнички групи во Македонија. Се поставува прашањето: Дали Охридскиот договор е извор на стабилност, или напротив, извор на нестабилност за Република Македонија?

По превирањата кои дојдоа до израз во Конфликтот во 2001 година, се поделивме по секоја основа, по потекло и основ на култура, по основа на религија, националност, јазик, политичка определба, а карактеристиките на едно мултикултурно општерство како туѓо искуство наоѓаат примена и кај нас. Македонците и Албанците учеа во различни смени, сите си направија и се

изолираа во свои гета по кои слободно можеа да се движат без да се измешаат, локали во кои исклучиво одат или само Македонци или само Албанци. Но сето тоа е спротивно на мултикултурализмот.

Заложбите и напорите да се санираат штетите од разделеноста во добар дел главно доаѓаа од инцијативите и активностите на невладиниот сектор, кој низ низа проекти се труди да ги спои децата да учат заедно, да се стекнат со нови пријателства, култури, јазик, да осознаат дека ништо не е страшно до тебе да седи врсник од различна етничка припадност. Невладиниот сектор се труди да седне на маса припадници од сите етнички заедници и отворено да дискутира за мултикултурализмот, за сѐ што е направено како штета досега и како истата да се санира и како треба да има заеднички соживот, како ние да живееме едни со други, а не едни покрај други.

Европската комисија која своите активности ги насочи во Еразмус - програмата која е наменета за млади до 30 години и многу други програми, водат кон подобрувањето на меѓуетничките односи и мирното решавање на споровите. Па така, станува збор за младински размени и обуки на одредени теми, покрај активностите предвидени со самиот проект, главен акцент става на интеркултурните вечери, вечери каде сите земји учесници во проектот имаат можност да ја промовираат својата земја, својата култура, традиција и обичаи и секако традиционалната храна. Учесниците, покрај стекнатите нови пријателства, учат нешто ново и нешто различно од обичното ни секојдневие.

Тоа е всушност спојот на различностите, спојот да се прифати од сите, да бидеме заедно и да креираме подобри услови за заеднички соживот. Странскиот фактор, како што е вообичаено, дејствуваше и повторно на еден директен или индиректен начин нѐ натера да изнајдеме можности културните различности, различните политички и верски убедувања да ги канализираме и да градиме едно мултикултурно општество, а процесот на акомодација и понатаму да го негуваме и применуваме во секојдневниот живот во сите сфери на општественото живеење

и егзистирање. Со тоа мултикултурализмот длабоко навлезе и во сите пори на нашето живеење.

1. 5. Појава на мултикултурализмот како термин во другите земји

Терминот „мултикултурализам“ се појави во 60-тите и 70-тите години на дваесеттиот век во Канада и Австралија, во помала мера во Велика Британија и САД (Канатан, 2009; Јаник, 2013). Во раните 1980-ти започна сериозна дебата и за краток период мултикултурализмот стана едно од најраспространетите интелектуални и политички движења на Запад. Сите земји во кои живеат етнички и културни малцинства се соочуваат со ова прашање, без оглед дали го имаат на нивната официјална агенда. Повеќето научници за мултикултурализам сметаат дека оваа теорија не е во спротивност. На пример, Кристина Инглис во своите ставови посочува дека мултикултурализмот е „одговорот на демократската политика на културните и социјалните промени“.

Во описна смисла, мултикултурализмот се однесува на сите општества составени од неколку етнички, културни или религиозни групи. Во овој контекст, мултикултурализмот претставува едноставно демографски, а не политички факт.

Од друга страна, мултикултурализмот во нормативниот контекст е идеологија или политички став што го промовира концептот на мултикултурно општество. Вистината е дека идеолошки, мултикултурализмот е еден од најважните проблеми на европското општество на почетокот на 21 век. Оваа идеологија во Европската Унија е спротивна на американскиот систем во однос на имигрантите, инаку позната како „Meltingofcultures“, или преведена на албански јазик како „Pot of melting cultures“, што значи целосна асимилација на имигрантите во американското општество.

Соединетите Американски Држави се типична мултинационална држава, што значи дека имаме работа со соживот на многу нации на иста територија, но кои споделуваат заедничка култура и јазик итн. За разлика од оваа американска политика, во Европската Унија, мултикултурализмот се залага за зачувување на етничките, културните и верските карактеристики на малцинствата во рамките на едно општество. Сѐ додека безбедноста и мирот продолжуваат во Европската

Унија, оваа идеологија ќе ја игра својата улога заедно со родовата идеологија, хомосексуалноста, феминизмот и човековите права. Сепак, природата на мултикултурализмот варира од земја до земја и од едно до друго општество. Во повеќето западни земји постои етничка и културна група која формира јасно мнозинство од населението. Типични примери во Европа се Турците во Грција и Кастилјанците во Шпанија. Во овие земји, јазикот на доминантната група е единствениот официјален јазик, признат со закон. Во различни историски периоди, особено во време на економска или социјална криза, скоро сите европски земји се обидоа да се дефинираат како моноетнички држави.

Единствената земја што никогаш не се обидела легално да изгради национален јазик за целиот свој простор е Швајцарија. Во оваа земја, националните малцинства кои зборуваат француски и италијански јазик постојат како посебни етничко-културни ентитети без никакви ограничувања. Швајцарија е најдобриот пример за граѓанска солидарност, кој е исто така неопходен за економска благосостојба. Но, постојат и многу расистички идеологии во Европа, каде што преовладува идејата дека моноетничката држава е полесна за управување и пазарот на трудот ќе биде поефикасен. Според овие идеолози, малцинските јазици и култури се заостанати и инфериорни, па затоа не треба да се почитуваат и да се штитат со закон. Принципите врз кои работи мултикултурната држава се многубројни.

Основен принцип е чувството за политика, што покажува дека таа држава им припаѓа подеднакво на сите нејзини граѓани. Мултикултурната држава апсолутно исклучува водење дискриминаторски политики што водат кон асимилација или исклучување на националните малцинства, што значи дека пред државните институции секој има еднаков пристап и права, без да го крие или негира нивното етничко потекло. Она што е и многу важно, таквата демократска држава мора да ги признае историските неправди што ги правела во минатото против националните малцинства преку дискриминаторска и асимилаторска политика. Мултикултурализмот има различни форми во различни времиња и места.

Историјата покажа дека во многу демократии, дискриминаторските политики кон помалите етнички групи биле поддржани од разни етнички групи. Типичен пример е франкофонската заедница во Квебек, Канада кои, иако се строги во зачувувањето на нивната култура и традиции, не ги поддржуваат истите слични барања на индиското население или имигрантите кои живеат во нивната област. Исто така, постои разновидност на етнички и културни групи во регионот на Балканот.

Сепак, по Втората светска војна, нетолерантни и често дискриминирачки практики кон одредени етнички или културни групи беа одгледувани во многу земји во регионот. Во комунистичките диктаторски режими, подолг временски период постоеја постојани обиди да се засенат националните малцинства, за постепено да се асимилираат, забранувајќи им да зборуваат на нивниот јазик, да ја промовираат својата култура или принудувајќи ги да ги менуваат своите имиња и националност. На пример, црногорското национално малцинство во Албанија. Ова малцинство живее главно во Скадар и селата долж границата со Црна Гора. За време на 45-те години на комунистичкиот режим, се правеше континуиран напор да се намали реалниот број на албански граѓани со црногорско потекло, без разлика дали преку различни притисоци, не дозволувајќи отварање на училишта на црногорски јазик, забранувајќи ги културните активности за промовирање на црногорската облека, песни или традиции итн.

Кулминацијата се случи во септември 1975 година, кога Хаџи Лелеши, претседател на президиумот на Народното собрание, го потпиша указот за промена на несоодветните имиња. Според оваа уредба, сите деца родени на територијата на Албанија мора да имаат имиња што одговараат на албанскиот идентитет и култура.

Значи, странските имиња не беа дозволени. Во секоја канцеларија на граѓански регистар во тоа време имаше книга со соодветни имиња според нив и меѓу тие имиња требаше да го изберете името на вашето дете. За време на тие години постоела постојана тенденција за промена на словенските придавки со албански придавки.

Кога се зборува за мултикултурализмот, треба да се побараат неговите основи и корени во науката.

1. 6. Поим за култура и мултикултурализам

Општопознат факт е тоа дека постои поврзаност помеѓу културата и комуникацијата, која е дел од културата и опфаќа модел на културно однесување. Прашања кои се наметнуваат на почетокот на определувањето е што е култура и мултикултурализам.

Се бараат поврзувачките елементи: на кој начин луѓето од различни култури можат меѓусебно да се разберат, иако немаат исто културно искуство, или кој вид на комуникација му е потребна на плуралистичкото општество, кое во исто време ќе биде културно различно, но и ќе ги обедини луѓето во создавањето на заеднички цели, како комуникацијата може да придонесе за создавање на рефлексивно почитување, а не само толеранција кон различноста. Се чини дека одговорите на овие прашања со својата целовитост ќе насликаат колоритен мозаик на ефективна интеркултурна комуникација меѓу интеркултурно компетентни индивидуи кои припаѓаат на различни култури и се дел од мултикултурна општествена заедница.

Прашањето на заедничкото живеење е комплексен проблем со кој треба да се соочи секое општество кое е мултиетничко и мултикултурно. Еден од можните начини за соочување со овој проблем е поставувањето на човекот како индивидуа во центарот на вниманието, преку нагласката на основните човекови права и слободи, еднаквоста и социјалното вклучување како принципи за прелиминарна рамка за секоја дискусија или одлука, рамка независна од културното, расното и религиозното потекло на луѓето.

Друг начин е соочувањето со неговите права како припадник на даденот колективитет, во контекстов етничкиот. Современиот свет се карактеризира со неколку основни тенденции. Тој е мултикултурен и намалување на ефектите на

осознавањето на различноста на интернационален и интеркултурен план има огромно значење. Светот се глобализира – народите се во зголемена економска, научна, културна и политичка меѓузависност. Глобалните мерења на културата започнуваат да доминираат над локалните. Во современото образование интернационалните тенденции добиваат предност во однос на тенденциите на сепаратизам и културно раздвојување. Училиштата стануваат мултикултурни. Според редица процени, до 2010 година повеќе од 70 % од класовите во САД и Европа ќе бидат составени од деца од различни етноси и раси и практично сите училишта ќе бидат повеќејазични и мултикултурни.

Интекултурното образование, според различни размислувања, нема алтернатива. Ова е предмет на дискусија и размислување во Македонија во последните 10 години, а во светот во последните 20-30 години. До 60-те години на 20-тиот век доминираат основните постулати на Маркс, Вебер и Диркем, карактеристични за индустриските општества, кај кои диференцијата под формата на класи е движечка сила во општествата. Етносот и расата се разгледуваат како анахронизми.

Тенденцијата кон глобалната културна хомогенизација, симболизирана со метафората за „глобалното село“ е поврзана со асимилација како неизбежен процес. Етничките конфликти во некои мултиетнички општества и антиколонијалните движења доведоа до преоценување на ваквите размислувања.

Мултикултурализмот го определиле Фоуерс и Ричардсон (Fowers, Richardson) уште 1996 година како социјално интелектуално движење, кое сфаќајќи го разнообразието како основна карактеристика и основен принцип, бара сите културни групи да останат рамноправни, односно цел на ова морално движење е да се зголеми достоинството, правата и признавањето на различноста на различните групи. Ова движење се однесува на моралните и политичките традиции на евро-американската цивилизација.

Ова е едно либерално-идеалистичко движење, коешто ја шири идејата за индивидуалната уникатност на културните групи. За културата, како универзална

категорија, може да се зборува тргнувајќи од фактот дека нема човечко општество кое би вредело да се анализира, а во кое не постојат значајни елементи на културата и во кое општествениот живот не е испреплетен со културни творби. Културата, значи е универзалност на човечкото живеење во општеството. Заедничките, културни вредности, коишто ги среќаваме кај различни општествени заедници, произлегуваат од основната егзистенцијална рамка, што ја споделува човештвото, како и од природата на човекот и неговите способности за соочување со таа егзистенција.

Така, во секоја култура можеме да сретнеме еден мошне широк дијапазон на сродни човекови активности и резултати од тие активности, како на пример: семејни односи, создавање средства за производство, социјален статус, сопственички права, табуа, митови, поделба на трудот, мерење на времето, казнени санкции, ритуали и слично. Меѓутоа, формите во кои тие се појавуваат, како универзални културни елементи, ја носат особеноста на културата, односно, на општествената средина од која произлегуваат.

Секое конкретно општество – држава градело и гради специфичен начин на живеење, и во тој контекст, дефинира одредени вредности, кои за одредена популација се единствени, карактеристични и неповторливи, бидејќи културата зборува и е детерминирана од општеството и околината во која се создава. Во таа смисла, и покрај постоењето на универзалните културни елементи, кои се карактеристика на секое општество, без разлика на неговите конкретни карактеристики, овие културни елементи различно се манифестираат и практикуваат во различни општествени средини. Затоа, зборуваме дека постои разлика помеѓу културите.

Овие разлики, можно е да се надминат и се надминуваат, со поголема комуникација помеѓу различните култури и со поголемо почитување и толеранција на различните културни вредности, со што се спречуваат различните облици на нетрпеливост и културен национализам помеѓу припадниците на различни култури. Социолошката литература дава многу примери за тоа како луѓето на

многу различен начин ги согледуваат, коментираат, па и прифаќаат различните култури.

1.7 . Акомодацијата и етноцентризмот како различни процеси и спротивности

Акомодацијата и етноцентризмот се сѐ поприсутни во општественото живеење и комуницирање. Тоа значи истакнување на вредностите на сопствената култура како објективна реалност, и нивна автоматска употреба, преку која се суди за сето она што не е многу блиско на нив.

Обично, при оформувањето на етноцентричките ставови, се земаат предвид повеќе елементи на она што се пресудува, но секој од нив се оценува како помалку вреден, во однос на соодветните елементи во сопствената култура. Со тоа, другите култури се согледуваат како инфериорни. Тоа може да се определи дека етноцентризмот другите култури ги става во понезначајна вредност, а сопствената култура ја издига во нешто возвишено и недостижно за другите.

Денес, општо е прифатена дефиницијата што за етноцентризмот ја дал Вилијам Грахам Самнер. Според него[5], „Етноцентризмот е техничко име за оној поглед на нештата, во кој сопствената група е центар на сѐ, а сите останати се подредени и рангирани според неа. Секоја група негува своја сопствена гордост и суета, се фали како супериорна, воздигнува свои божества и гледа со презир на надворешните. Секоја група мисли дека нејзините обичаи се единствени, исправни, и ако забележи дека другата група имаат други обичаи, тие предизвикуваат презир. Етноцентризмот ги води луѓето кон зголемување и кон интензивирање на сето она што во нивните обичаи е посебно и што ги изделува од останатите“.

Од дефиницијата на Самнер може да се извлече заклучокот дека етноцетричките судови вклучуваат повеќе компоненти:

[5] Вилијам Грахам Самнер

1. Интелектуална, која преку процена го нагласува супериорниот карактер на елементите на сопствената култура и инфериорниот, на оние на другите култури.

2. Емоционална, која вклучува два типа на емоции – позитивни и негативни. Симболите на сопствената етничка група се предмет на приврзаност, гордост и љубов, додека симболите на другите групи се предмет на презир и омраза.

3. Идеолошка, кога ќе се јават овие емоции, тогаш групата ги развива колективните симболичките системи, кои ги поттикнуваат овие емоции кај индивидуите што влегуваат во нивниот состав.

Речиси до половината на минатиот век било вообичаено прифатено и гледиштето дека за вистинската култура може да се зборува само во европски рамки. Ваквото мислење било поткрепено од информациите за неевропските култури што пристигнувале, главно, од мисионерите, кои биле пристрасни – трговците и политичките управувачи кои не биле квалификувани за проучување на егзотични култури. И општите услови на колонизацијата давале придонес за евроцентричното и арогантното набљудување на другите култури, кои не се се сметале само како примитивни, туку се негирале како култури. Затоа, како реакција, се појавува сосема спротивно гледиште дека сите култури се еднакво вредни во мера во која пружаат смисла на припадниците на општеството и ја обезбедуваат неговата интеграција.

За културата, во тој поглед, не е потребно да се суди во вредносна смисла и да се оценуваат нејзините квалитети, затоа што секогаш кога тоа го правиме, ние тргнуваме од вредностите и стандардите на нашата сопствена култура и на нашиот историски момент, што во класична смисла, значи проценување, а во исто време и акомодирање или приспособување на едни кон други, а на различностите да се гледа како нивни предности. За културата, значи, не се донесуваат вредносни судови, туку таа може да се разбере одвнатре, откривајќи ги своите значења кои ја осмислуваат жалоста, среќата, прославувањето, раѓањето и

смртта, ги регулираат општествените односи, ја објаснуваат природата и општеството.

Исто така, постојат најразлични други теоретски толкувања, кои секако се поврзуваат со културните различности, различниот степен на развиена или неразвиена граѓанска и општествена свест.

Денес кога целиот свет претставува едно „глобално село“, можеме да констатираме дека многу земји во светот се хетерогени во етничка и културна смисла и се справуваат со ситуација на заедничко живеење на луѓе од различни националности. Проблемите што произлегуваат од мултиетничкиот и мултикултурниот карактер на населението од различни земји во светот се идентификувани различно и се применети различни политики за нивно надминување. Никаде во светот не е пронајдено универзално, применливо и комплетно задоволително решение на проблемите што произлегуваат од овој контекст.

1. 8. Културата и мултикултурализмот

Современиот човек, освен задоволувањето на своите егзистенцијални потреби, бара и соодветен начин на неговото културно изразување, а со тоа и културно живеење.

Во современиот светски процес на глобализација, со културата многу често се поврзува поимот мултикултуралност, односно мултикултурализам. Во својата основа, овој термин се однесува на почитувањето на културните разлики, а за првпат го употребува канадскиот премиер Пјер Тридо, во 1971 година. Овој поим, всушност, го означува „паралелното постоење на многубројните светски култури и нивните заемни допири, но истовремено, го означува и постоењето на бројни и различни култури во рамките на една држава - нација, при што се пледира кон еден складен соживот помеѓу различните етнички и културни групи во рамките на едно плуралистичко и мултикултурно општество“[6] (Џепароски, 2007: 348).

[6] Џепароски, 2007: 348

Во врска со поимот мултикултурализам, Герд Бауман ги елаборира трите елементи тесно поврзани со културата (националноста, етносот и религијата), коишто, според него, создаваат еден мултикултурен триаголник: „Точките на мултикултурниот триаголник се во врска со националноста како култура, етничката припадност како култура и религијата како култура. Сите тие се трошат веднаш штом ќе се гребне под површината. Националноста како култура ниту е постетничка ниту е пострелигиозна; етничката припадност како култура се заснова врз културно ферментирани обврски, а не врз сирови гени, и религијата како култура не е нешто во врска со свети правилници, туку контекстуални ставови. Сепак, сите три верзии на културата го споделуваат истиот избор: дали културата се разбира како нешто што некој го поседува или како процес кој некој го оформува“ [7](Бауман, 2009: 83).

Според Бауман, „мултикултурното општество не е ’крпеница‘ од пет или десет фиксирани културни идентитети, туку е еластична мрежа на испреплетеност и секогаш заемно ситуациони идентификации“[8].

За да можеме подобро да ја разбереме културната акомодација, мораме да тргнеме од основните елементи кои ја сочинуваат културата, а потоа нив да ги ставиме во дефинирањето на термините кои се однесуваат на културата, како израз на човеково општествено живеење.

Културата е збир на препознатливи духовни, материјални, интелектуални и емоционални карактеристики на општеството или општествената група, која опфаќа не само уметност и литература, туку и начин на живот, вредности, традиции и верувања.

Постојат неколку различни составни елементи и аспекти на културата: материјални (физички артефакти, како на пример: храна, облека, домување, алатки, уметнички производи итн.), социјални и општествени (јазик, религија,

[7] Бауман, 2009: 83
[8] . Бауман, 2009: 116–117.

закони, правила, семејна структура, модели на труд, фолклор, културни икони, итн.) и субјективни (споделени знаења, верувања, спомени, идентитети, ставови, вредности и практики).

Збирот на културни ресурси се распределува низ целата општествена група, при што секој поединечен член присвојува и користи само дел од културните ресурси, потенцијално достапни за сите членови. Ова ја објаснува варијабилноста во рамките на секоја културна група и може да резултира во оспорени или нејасни групни граници.

Секоја социјална група може да има култура и сите култури се динамични и постојано се менуваат или се акомодираат со текот на времето како резултат на внатрешни и надворешни фактори, чиешто влијание има првостепено значење. Луѓето им припаѓаат на повеќе групи и соодветните култури и учествуваат во различни констелации на култури. Културните припадности се променливи и динамични, со силна субјективна димензија.

Терминот „култура“ е тежок термин за дефинирање, главно поради тоа што културните групи секогаш внатрешно се хетерогени и опфаќаат низа разновидни практики и норми што често се оспорени, се менуваат со текот на времето и се спроведуваат на различни начини од страна на секој поединец или група.

Сепак, може да се каже дека секоја дадена култура има три главни аспекти:

- материјалните ресурси што ги користат членовите на групата (на пример, алатки, храна, облека);

- општествено споделените ресурси на групата (на пример, јазикот, религијата, правилата на општественото однесување);

- субјективните ресурси што ги користат поединечните членови на групата (на пример, вредностите, ставовите, верувањата и практиките што најчесто ги користат членовите на групата како референтна рамка за разбирање на светот и поврзување со него).

Културата на групата е мешавина формирана од сите три аспекти и се состои од мрежа на:

- материјални,
- социјални и
- субјективни ресурси.

Вкупниот збир на ресурси се дистрибуира низ целата група, но секој поединечен член на групата присвојува и користи само дел од вкупниот збир на културни ресурси, потенцијално достапни за нив. Дефинирањето на поимот „култура“ на овој начин значи дека групи од различни ентитети во која било големина можат да имаат свои посебни култури на локално, национално и меѓународно ниво. Ова вклучува: нации, етнички групи, религиозни групи, градови, населби, работни организации, професионални групи, групи на поединци со различни сексуални ориентации, групи на луѓе со попреченост во развојот или со посебни потреби, генерациски групи, семејства итн..

Поради ова, сите луѓе истовремено припаѓаат и се идентификуваат со многу различни групи и ентитети кои ги вклучуваат и нивните сродни култури. Вообичаено постои значителна варијабилност во рамките на една културна група, бидејќи ресурсите за кои се смета дека се поврзани со членството во групата честопати се одбиени, оспорени или отфрлени од одредени поединци и подгрупи во неа. Дури и границите на самата група, коишто одредуваат кои поединци припаѓаат во групата и кои се надвор од групата, можат да бидат оспорени од различни членови на групата и истите честопати се многу нејасни и испреплетени.

Со други зборови, културните припадности се вкрстуваат на уникатен начин кај секој поединец. Освен тоа, значењата и чувствата што ги поврзуваат луѓето со одредени култури се персонализирани како последица на нивните сопствени животни истории, лични искуства и карактеристики на личноста.

1.9. Културните припадности се флуидни и динамични

Субјективните карактеристики на социјалните и културните идентитети се менуваат со движењето на поединците од една до друга ситуација, со припаѓањето на различни групи или комбинација на групи што се формираат динамично во зависност од конкретниот општествен контекст. Флуктуацијата (променливото движење) во културната припадност и идентитетот се исто така поврзани со промените на интересите, потребите, целите и очекувањата на поединците низ текот на времето и ситуациите со кои се соочуваат. Освен тоа, самите групи и нивните култури се динамични и се менуваат со текот на времето, како резултат на политички, економски и историски настани и како резултат на интеракции со културите на другите групи и во овој контекст до израз доаѓа културната акомодација.

Тие, исто така, се менуваат со текот на времето поради внатрешно редефинирање на значењата, нормите, вредностите и практиките на групата од страна на членовите, а понекогаш свое влијание имаат и другите фактори што ја регулираат оваа област.

1.10. Што се тоа културни потреби?

Културата претставува највисок израз на човечкото творештво и таа повеќе или помалку е условена од општествените и историските околности. Таа претставува модел на живеење што е заеднички за сите луѓе, а кој во себе ги вклучува вредностите, нормите, обичаите, правилата на однесување, знаењето и технологијата, јазикот, уметноста.

Таа постои за да ги задоволи основните биолошки, психолошки и општествени потреби на поединците. Глобализацијата доведе до интензивно мешање на народите и културите, предизвика процеси на масовни миграции, што доведе до формирање на општества со многу различни култури.

Културната разновидност во рамките на една заедница често доведува до судири кои произлегуваат од различните вредности, убедувања, верувања. Како да се надмине бариерата и да се прифати различноста за развој на културите и целокупното општество е комплексно прашање, но истото ќе биде анализирано во овој труд можеби само од еден аспект, а тоа се комуникациските медиуми.

Обидите да се создаде симбиотична врска меѓу комуникацијата, културата и медиумите иницира неколку прашања, како на пример, која е нивната врска, која е функцијата на комуникациските медиуми и каква е нивната улога во процесот на развој на културата.

Во културно разновидни општества, демократските процеси и институции бараат интеркултурен дијалог. Основен принцип на демократијата е дека оние што се засегнати од политичките одлуки можат да ги искажат своите ставови кога се донесуваат одлуки и дека носителите на одлуки обрнуваат внимание на тие ставови.

Интеркултурниот дијалог, прво, е најважното средство преку кое граѓаните можат да ги искажат своите ставови и да комуницираат со граѓани од различна културна припадност.

Второ, дијалогот е начин на кој носителите на одлуки можат да ги разберат гледиштата на сите граѓани, земајќи ги предвид нивните различни културни припадности. Затоа, во културно разновидни општества интеркултурниот дијалог е клучен за да можат сите граѓани подеднакво да учествуваат во јавна дискусија и во донесување одлуки. Демократијата и интеркултурниот дијалог се комплементарни во културно разновидни општества. Интеркултурниот дијалог бара почит кон соговорникот.

Без почит комуникацијата со други луѓе станува или антагонистичка или принудна. Во принудна комуникација целта е да се „победи“ другата личност со обид да се докаже „супериорноста“ на сопствените ставови над нивните. Во принудна комуникација целта е да се наметне, да се присили или да се притисне другото лице да ја напушти својата позиција и да ја усвои туѓата позиција. Другата

личност не е почитувана во ниту еден од овие два случаи и нема никаков обид да се разберат и земат предвид ставовите на другите луѓе.

Со други зборови, без почит, дијалогот ја губи својата основна карактеристика, отворена размена на мислења преку која поединците од различни култури можат меѓусебно да стекнат разбирање за погледите, интересите и потребите на другите.

Самата почит се темели на ставот дека другата личност има вродено значење и вредност и е достојна за внимание и интерес. Тоа подразбира препознавање на достоинството на другите луѓе и признавање на правата на другите луѓе да ги изберат и застапуваат своите ставови и начини на живот. Накусо, интеркултурниот дијалог бара почитување на достоинството, еднаквоста и човековите права на другите луѓе. Исто така, тој бара критичко размислување за односот помеѓу културните групи на кои им припаѓаат оние што се вклучени во интеркултурниот дијалог и почитување на културата на другиот.

За да учествуваат во интеркултурен дијалог, на граѓаните им е потребна меѓукултурна компетентност, а почитта е витална компонента на таа компетентност. Конечно, демократијата бара институциите да ги поддржуваат човековите права и основните слободи на сите граѓани. Оние што имаат малцински ставови треба да бидат заштитени од активностите на мнозинството, кое би можело да ги загрози нивните човекови права и слободи.

Малцинските ставови можат да ја збогатат дебатата и никогаш не треба да бидат маргинализирани или исклучени. Ова значи дека во демократијата институциите мора да воспоставаат ограничувања на активностите што може да ги преземе мнозинството. Таквите ограничувања вообичаено се спроведуваат или преку уставот или преку законодавството што ги специфицира и ги штити човековите права и слободи на сите граѓани, како на мнозинството, така и на малцинството. Накратко, во културно разновидни општества, успешната демократија значи Владата и институциите да одговараат на ставовите на мнозинството, додека истовремено ги признаваат и ги заштитуваат правата на

малцинствата, културата на демократијата, интеркултурниот дијалог, почитувањето на достоинството и правата на другите и на институциите за заштита на човековите права и слободи на сите граѓани.

Рамката е развиена за да им помогне на наставниците да придонесат кон постигнување и зајакнување на три од овие пет услови: култура на демократијата, интеркултурен дијалог и почитување на достоинството и правата на другите. Белата книга за интеркултурен дијалог на Советот на Европа (2008) укажува дека демократските и интеркултурните компетенции не се добиваат автоматски, туку треба да се научат и да се практикуваат.[9]

„Образованието е во поволна позиција да ги води и да ги поддржува учениците во ова и со тоа да ги зајакнува. Учениците ги стекнуваат способностите што им се потребни за да станат активни и независни учесници во демократијата, во интеркултурниот дијалог и во поширокото општество. Тоа им дава можност да ги изберат и да ги остварат сопствените цели, истовремено почитувајќи ги човековите права, достоинството на другите и демократските процеси. Рамката помага при планирање на образованието за да се постигне целта, помагање на сите ученици да станат независни демократски граѓани, оспособувајќи ги со компетенции потребни за демократија и интеркултурен дијалог“[10].

1.11. Што е тоа демократска култура?

Ова е често употребуван термин, но насекаде нема исто значење, или пак, во некои општестства се толкува на различен начин. Демократија е повеќе од збир на нејзините институции. Здравата демократија во голема мера зависи од развојот на демократската граѓанска култура.

Тоа се должи на различниот степен на развиеност на граѓанската свест. Терминот „демократска култура“ го нагласува фактот дека иако демократијата не може да постои без демократски институции и закони, таквите институции и

[9] Бела книга за интеркултурен дијалог на Совет на Европа, 2008 година.
[10] Референтна рамка на компетенции за демократска култура – Книга 1на Совет на Европа

закони не можат да се применат во пракса доколку не се засноваат на култура на демократија, односно доколку не се вградени во демократските вредности, заедничките ставови и практики на граѓаните и институциите. Меѓу другото, демократската култура вклучува посветеност кон владеењето на правото и човековите права, посветеност кон јавната сфера, уверување дека конфликтите треба да се решаваат на мирен начин, признавање и почитување на различноста, подготвеност да изразат сопствените мислења, подготвеност да се слушаат мислењата на другите, посветеност кон одлуките донесени од мнозинството, посветеност на заштитата на малцинствата и нивните права и подготвеност да се влезе во дијалог за да се надминат културните поделби.

Исто така, демократската култура вклучува и грижа за одржливата благосостојба на другите луѓе, како и за животната средина во која живееме. Под демократска култура може да се подразбере и начин на сфаќање на културните вредности кај одделни етнитети или етнички заедници.

1.12. Два концепти - интеркултурализам и мултикултурализам

Интеркултурализмот, за разлика од мултикултурализмот, кој нè учи на прифаќање и толеранција, е концепт кој е далеку пообемен и е во постојана потрага по нови начини на одржливо живеење, токму во мултикултурните заедници. Тоа подразбира развој на односи, почит, благодарност, дијалог и, конечно, заеднички живот. Многу е важно да се воведе овој концепт во образовниот систем, бидејќи само со навремено учење за другите, можеме да избегнеме сè што подоцна ќе се претвори во неприфатлив став кон другите луѓе, за интеркултурноста, нејзините вредности, потребата да се воведе во образовниот систем, примери за добра практика.

Интеркултурноста е динамичен концепт и се однесува на развојот на односите меѓу културните групи. Дефинирано е како постоење на непристрасна интеракција на различни култури и можност за создавање на заеднички културен израз преку дијалог и меѓусебно почитување (УНЕСКО, 2005). За разлика од мултикултурното образование (концепт), што претпоставува учење за други

култури со цел прифаќање, или барем толеранција кон тие култури, интеркултурното образование не се однесува на пасивен соживот, туку истражува одржливи начини на заедничко живеење во мултикултурни општества, што подразбираат почитување и дијалог помеѓу различни културни групи и заеднички развој.

Во денешното современо општество, овој концепт е голем предизвик, бидејќи покрај тоа што ја поттикнува секоја индивидуа да биде подготвена да прифати разновидност, толеранција и дијалог со други и различни, тој мора да вклучува политичка поддршка, развој на разни интеркултурни политики (образовни, социјални, итн.), реторика во медиумите (построго санкционирање на говорот на омраза во медиумите, медиумски плурализам, итн.).

1.13. Интеркултурен дијалог за акомодација

Во современиот начин на живеење, за да се спречат бројни етнички, верски, јазични и културни поделби и секој да живее достоинствено, почитувајќи ги универзалните вредности што ги споделува целото човештво, потребно е да се пристапи кон различни идентитети на конструктивен и демократски начин.

Дијалогот е инструмент и честопати средство за редефинирање на идентитетите, особено оние што се конституираат според целосната и остра разлика во својата содржина и имаат повеќе противречности. Во науката и теоријата кои ја третираат оваа област, постојат бројни размислувања и истражувања за дијалогот како форма на комуникативна активност и рационалност, преку кои актерите вклучени во однос на конфликт или потенцијален конфликт се стремат да постигнат универзален консензус, заснован пред сѐ, врз моќта на подобриот аргумент. Практиката нуди малку поинакви решенија, кои не се насочени кон универзален договор, туку кон обид да се постават актерите над апсолутната врска помеѓу идентитетот и разликата - основата на конфликтот и кон некаква форма на заеднички идентитет и јазик, што ќе произведе поволни услови за разговор.се постигне прифатливо решение за обете страни во „конфликтот“.

1.14. Неминовна е потребата од меѓукултурен дијалог за надминување на бариерите и противречностите

Меѓукултурниот дијалог е основа на мултикултурното комуницирање и разбирање. Од друга страна, тоа е еден од предусловите за добра соработка меѓу културите. Тоа значи дека основната поента е човековиот личен развој да се збогати преку директна комуникација со вредностите на мултикултурното општество кои се изразени од страна на претставниците на различни култури. Имено, секоја култура и традиција на своите членови им овозможува подобри предиспозиции за развој низ правила на однесување.

Не треба да се влегува во интеркултурниот дијалог на комуникација од аспект за прифаќање или неприфаќање на други правила и норми на други културни традиции, туку тоа треба да оди преку процес кој ќе биде континуиран и врз основа на еднакви принципи, а обидите да се научат нормите на сите култури се илузорни, затоа што тое е невозможно и претставува ризик.

Не постои начин на кој ние би можеле да ги научиме сите правила со кои се регулира соодветно и несоодветно однесување за секоја култура со која доаѓаме во контакт, но можен пат кон подобрување на меѓуетничките културни односи е да се прават преку акомодација.

Во такви случаи секогаш ќе постои ризик тоа да се прави како нешто погрешно, секогаш некој ќе биде навреден. Нашата комуникација ќе страда како резултат на повредата на нашите норми, а тоа води кон ограничување на ефективноста на нашата комуникација. Всушност, ние дури и нема да знаеме дали од нас се очекува да се придржуваме кон нормите на другата култура или другите треба да се однесуваат според нормите на нашата култура.

Затоа е подобро да се испита општото ниво на бариерите и евентуалните пречки за меѓукултурен дијалог. Во литературата се среќаваат повеќе обиди, но најчести се следниве бариери: анксиозност, претпоставувајќи сличност наместо разлика, етноцентризмот, стереотипи и предрасуди, невербален јазик и

недоразбирања. Силно се чувствува потребата да се нагласи дека меѓукултурниот дијалог не значи губење на сопствената култура и идентитет.

Напротив, во интеркултурниот дијалог, во разговорот меѓу културите се потврдува и промовира сопствената култура, вредности, традиции и карактеристики. Тоа значи дека процесот на надминувањето на бариерите ќе значи и подобрување на меѓукултурната соработка и толеранција. Суштината на интеркултурниот дијалог може да се сфати единствено ако се прифати оценката дека културата е систем на комуникација во акција во општеството, кој вклучува различни видови на комуникациски медиуми.

Ова беше причината, една од темите на бројните билатерални и мултилатерални средби меѓу европските земји во првата декада на дваесет и првиот век, да биде проемната и дека старите пристапи кон управувањето со културната разновидност се надминати во општествата каде што има висок степен на таква разновидност.

Она што до неодамна беше препорачан политички пристап, се покажа дека „мултикултурализмот“ содржи голем број слабости. Бидејќи нема желба да се вратиме на претходната теза за асимилација, за да се добие инклузивно општество, потребен е нов пристап, а интеркултурниот дијалог може да биде пат по кој треба да се следи.[11]

Глава II

Мултикултурализмот и акомодацијата преку културните и јазичните политики во Република Северна Македонија

2.1. Мултикултурализмот и акомодацијата преку културните и јазичните политики во Република Северна Македонија

Различни теоретичари и научни работници ова прашања сè повеќе го издигнуваат на повисоко ниво, како можност за мирно решавање на конфликти или конфликтни ситуации.

Така, денес, според Мартинело, западните демократии (и младите демократии, како што е Република Северна Македонија) заради тоа прифаќаат т.н. акомодативен концепт, т.е. мултикултурен пристап како начин на управување во мултикултурните општества (хетерогените, сегментираните, мозаичните, плуралните, поделените, полиетничките и сл.).

Така, според Дигиталниот речник, значењата терминолошки се определуваат како:[12]

приспособување, акомодирање

Англиски: adaptation

Слично со: адаптирање (ср.), приспособување (ср.)

Изведенки

1. акомодациски – придавка, акомодацискиот, на пример: акомодациски простор

2. акомодационен – придавка, акомодациониот, на пример: акомодационен пери

2.2. Етимиолошко значење на акомодацијата

Акомодација (lat. *accommodatio*: прилагодување, усогласување) во медицината значи прилагодување, способност на човечкото око да гледа на различни далечини, притоа сликата да остане со потребна острина и видливост. Тоа се базира на тоа што предната леќа може да го присоподбува својот облик задржувајќи светлечката далечина... Способноста на акомодација е ограничена[13]

[12] Дигитален речник на македонскиот јазик, пристап: јуни, 2021 година

[13] Кимлика, Вил, Мултикултурно граѓанство, ИДСЦО, Скопје, 2004

Ова ни дава за основа да разбереме дека хетерогените општества треба да одговорат на начин што ќе овозможи политика која оди подалеку од базичната заштита на основните граѓански и политички права на индивидуите и ќе создаде фер однос кон колективните права на „различноста“.

Таквата нова политика, а Република Северна Македонија е еден таков пример во светот, се зазема за разни степени на поддршка, одржување, заштита, па дури и за стимулативен развој на етнокултурните идентитети и практики за сите нејзини ентитети кои живеат во неа.

Етнокултурните ентитети (национални малцинства, религиски групи, имигранти, расни малцинства и сл.), всушност, претставуваат и се составен дел на меѓупросторот помеѓу индивидуата и апстрактниот концепт за нацијата, структуиран во државата.[14]

Речиси сите од овие ентитети настојуваат да поставуваат барања за јавно и за симболично признавање, т.е. бараат да им се признае дека се културни идентитети и ентитети поинакви од другите и дека имаат свои посебности и специфики.

Некои од етнокултурните групи се поскромни и имаат поголемо разбирање и се задоволуваат со тоа нивното културно наследство да биде заштитено и да можат да го пренесат на идните генерации, што е реално одржливо, а нивните лидери, пак, бараат од државата да им обезбеди неопходни средства за да ги задоволат своите цели и потреби, при што ваквите нивни очекувања се сметаат дека не се во спротивност со либералниот принцип за дистрибутивната правда.

Баз разлика на другите настојувања и како и да се решава овој проблем, останува фактот дека различните групи мора да коегзистираат и да го делат животниот и урбаниот простор, да ја делат делиберативната јавност, да го делат јавниот, политичкиот и економскиот простор, т.е. како и сите други да имаат простор за нивна самопромоција и потрврдување.

[14] Кимлика, Вил, Мултикултурно граѓанство, ИДСЦО, Скопје, 2004

Затоа, може да се заклучи констатацијата дека секоја модерна држава, за да постигне демократска консолидација, мора да одговори на прашањето за политиките на мултикултурализмот и мора да се прифати фактот дека колективните културни идентитети се феномени кои треба да се разберат и да се анализираат, при што за тоа се бараат и законски гаранции, бидејќи се независна варијабла која ги објаснува политичките, економските и општествените внатрешни однесувања.

Главна заложба на надлежните фактори е да се укаже дека поврзувањето на различните културни идентитети со политичкиот идеал на либералната правда е можно и дека нивната коегзистенција е остварлива, при што ќе се укаже на потребата за организација на културните различности (идентитети) и за нивното поставување во контекст на демократскиот политички систем.

Ваквиот начин на решавање и принудување на меѓуетничка толеранција отвора деликатни прашања за либералната демократија и за либералната правда, кои треба да отворат простор за новата партикуларност, бидејќи културните различности, кога делат еден заеднички општествено-политички простор, влегуваат во зоната на конфликтот, па, оттаму, неопходно е да се канализираат општествено-политичките тензии, да се спречат лажните еквилибриуми или неконзистентните консензуси, а сè со цел да се исклучи насилството од политичката арена. Тоа е еден од патиштата за мирно разрешување на појавените конфликти.

Културата има старо и ново значење, а мора да се приспособи кон новоотворените акомодациски процеси. Досега се анализирани повеќе од 300 дефиниции на културата од најразлични теоретичари и автори. Добар дел од нив укажуваат на полифункционалноста на овој поим.

Култура во најширока смисла значи целесообразна нега, преработка, обработка, оспособување и усовршување на една состојба во една област која игра витално значење на градењето на демократските односи. Во потесна смисла, културата значи процес на човекова интервенција врз природно дадените

предмети и објекти и нивно приспособување на човековите потреби. Под поимот култура се подразбира дека е севкупност на човековите материјални и духовни остварувања и артикулации на неговите историски индивидуални и колективни – практични, естетски, теориски, митски и религиозни облици на изразување. Современиот начин на живеење го бара тоа и без него нема соживот меѓу различните ентитети во една заедница.

Тоа значи дека поимот ја опфаќа културата на создавањето (poiesis) и културата на дејствување во етичка смисла (praxis).[15]

Културата е она што на човекот му овозможува да ги развие своите суштински способности, без кои човекот не би бил човек: способноста за комуникација со помош на јазикот, но и со другите видови артикулирани аудитивни и визуелни знаци и симболи, кои сите заедно го формираат неговиот микрокосмос или симболички универзум.

Притоа преку културното изразување доаѓаат до израз и желбите за самопромовирање и изразување. По 18 век културата станува парадигма за конфигурација и за генерализација на духот, т.е. поим што изразува еден целовит начин на живот на еден одделен народ или нација, односно заедница, а оваа парадигма се развила во полемичка спротивност на францускиот поим цивилизација.[16]

Доколку се прифати разликата помеѓу културата и цивилизацијата, можно е да се предвидат линиите (или причините) за божемниот „судир на културите“ (во нивното духовно значење), всушност како „судири на цивилизации“ (во нивното материјално значење), т.е. економски интереси, а нивната акомодација претставува заедничко делување и изразување на културните вредности и различности. Во овој контгекст, да изстакнеме дека, според Имануел Кант, различните духовни вредности (религиски, филозофски, естетски, политички) и не можат да дојдат во судир затоа што се безинтересни, додека другите

[15] Скаловски, Денко. Во прво лице еднина, Азбуки, Библиотека Филозофија, Скопје, 2010 12
[16] Regenbogen, A. / Meyer,U., Wöretrbuch Der Philosofphishen Begriffe, Meiner VerLag, Hamburg, 1998; Kroeber, A.L. / Klakhon, C. Cuture: A Critical Rewiev of Concepts and Definitions, Cambridge, 1967

материјалните, економските, што се поврзани за егзистенцијаниот опстанок, се и тоа како интересни и како такви латентно и актуелно подложни на меѓусебни судири.

Од сето ова произлегуваат две битни дистинкции – првата го изразува фактот дека поимот култура добива емпириска смисла во два вида, од кои едниот е во еднина како култура, т.е. како еднозначност или повеќејазичност за човековиот род во целина и чии елементи ги поврзуваат сите луѓе како човечки суштества (gens una summus), а другиот, како посебни и поединечни култури кои ги изразуваат специфичностите на културните традиции на еден народ, нација или заедница, со што се разликуваат и се раздвојуваат од припадниците на некоја друга заедница.

Нивното прилагодување едни кон други им отвора пат кон подобрување на меѓуетничките односи и соживотот.

Глава III

Потреба за развој на културните и јазичните политики во Република Македонија: реална состојба за интервенција или акомодација под притисок

3.1. Потреба за развој на културните и јазичните политики во Република Македонија: реална состојба за интервенција или акомодација под притисок

Република Северна Македонија, како земја со подолг транзициски период и земја на различности, чии мултикултурни политики во поглед на јазичните малцинства и нивните права можат да се категоризираат како исклучителни и специфични во поглед на ниво од регионален контекст, претставува специфична средина, за која е потребно поголемо внимание на акомодацијата на културните вредности, а посебно јазичните политики.

Ваквата состојба со акомодацијата на јазичните политики свој одраз наоѓа и во мултикултурните односи. Притоа, во анализите се настојува да се истражи колку во Република Македонија е постигната јазичната правда, наспроти барањата на различните ентитети според нивната застапеност. Тешко е да се даде одговор на прашањето: Дали и до која мера системот на јазична правда во Република Северна Македонија е во согласност со универзално прифатените начела на демократијата, човековите права и доброто владеење?

Акомодацијата на мултикултурната средина подразбира и јазична акомодација како јазична правда, што е мерило и за исполнување на европските стандарди за евроинтеграцијата на Република Северна Македонија.

Тековните социо-економски состојби непосредно се поврзани и со јазичните политики и тие секогаш треба да се гледаат низ призмата дека градењето на мултикултурно општество индиректно е поврзано со повеќејазичноста во една мултикултурна средина. Културните и јазичните политики треба да бидат кохерентни со широката политика на инклузивност и правичност на системот, и како такви треба да бидат тема на широка дебата и прифатливост.

Мултикултуралноста исто така е поврзана со јазичните политики како дел од севкупните мултикултурни полтики, кои имаат свои модели, концепти и теоретски пристапи, поврзани со дивезитетот и неговата акомодација,

признавањето и заштитата на јазичните права во меѓународни рамки, како и системите во чии рамки истите се регулираат. Интердисциплинарноста треба да биде присутна во проучувањата и истртажувањата поврзани со примената на јазичните политики. Неспорно е дека е многу значајна токму ваквата интередисциплинарна анализа на различностите и правдата во име на културните вредности и јазичните карактеристики на македонското општество.

Двата елементи, како што се мултикултуралноста и јазичните политики во зависност од кој аспект се посматраат, имаат различен третман од големите политички фактори. Рамките, во кои се разгледуваат мултикултурните и јазичните политики со јазичната правда е истовремено резултат, но и составен дел од моделот за (не)надминување и неуправување на различностите во Република Северна Македонија.

Акомодацијата на различните култури, посебно како што е случај со македонската и албанската култура, мора да се негуваат и прилагодуваат, и тоа најчесто под пристисок на надворешниот фактор.

За да се избегнат какви било ризици, поврзани со дизајнот на политиките кои имаат етнички предзнак и можат да влијаат врз мирот и стабилноста на системот, надлежните фактори и структури како доносители на одлуките неизбежно треба да ги земат предвид сите аспекти кои можат да се јават како точки на преклопување на различните мерки и активности на јазичните со останатите комплементарни политики кои треба да градат „едно мултиетничко општество“, при што во Република Северна Македонија имаме различни приоди, во зависност од која страна доаѓа тој елемент.

Визијата и прогресот на едно кохезивно општество и соодветно неговата рефлексија во различните политики и мерки кои се однесуваат на управувањето со диверзитетот, зависат од политичката волја, зрелоста на политичките елити и институциите, медиумите.

Но наспроти тоа, тука битно влијание има и надворешниот фактор, кој често се поставува во улога на арбитер. Ваквите трендови не смеат да бидат

игнорирани, со оглед на нивното влијание врз аргументацијата за заштита на јазичните права, но и заштита на јазиците, што во основа се два различни процеси кои во зависност од волјата на донесувачите на одлуки, можат да бидат комплементарни. Јазичните политики исто така играат мошне важна улога за приспособувањето и на едната и на другата страна.

Дизајнот на јазичната политика треба да биде заснован врз определената јазична стварност или врз постоечката јазична ситуација, а во овој случај пропустите обично се бараат на страната на македонскиот фактор, кој најчесто е принуден на отстапки. Во спротивно, секогаш постои можноста природните јазични процеси, за кои не се водело сметка, во одреден момент таквата јазична политика да ја доведат во прашање.

Ако се земе предвид дека мултикултуралноста се применува само од два ентитети, јазичната политика претставува „...систематски, рационален и теоретски базиран обид на општествено ниво за модифицирање на јазичната околина со цел зголемување на вкупната благосостојба, но само кон еден ентитет, што не е случај и со другите ентитети кои ја сочинуваат мултикултуралната разновидност во земјата.

Културната и јазичната политика обично се спроведуваат од страна на официјални органи или нивните сурогати, коишто се насочени кон еден дел или кон целата популација која е под нивна надлежност и истата претставува предмет за анализа на самиот јазичен систем и културните сегменти, а нивната (не)регулација, како и степенот на различноста, треба да бидат правични и во согласност со универзалните начела на еднаквост и недискриминација.

Јазичниот систем, пак, Пул го дефинира како „правило кое создава јазична политика“.[17] Хронолошки гледано, развојот на македонскиот јазичен систем може да се подели на два периода во поглед на политиките кои ја регулираат употребата на јазиците во Македонија. Првиот период ги опфаќа првите две декади по осамостојувањето на државата и се однесува на периодот од 1991 до

[17] Pool, 1991:499).

2001 година, а истата констатација се однесува и на применувањето на културните политики. Овој период, од независноста до внатрешниот конфликт, се карактеризира со политика на доминантност на мнозинскиот јазик, но под притисок на надворешниот фактор и воените случувања, радикално е променета ситуацијата. Во конкретниот случај, дадени се поголем број бенефити отколку што е потребно. Вториот период ги опфаќа интервенциите/ во јазичната политика, и соодветно во јазичниот систем, во периодот по 2001 година па наваму.

Со одредниците, предвидени во ОРД за целокупниот правно-политички систем на државата, се нотира одредено намалување на надмоќноста и доминацијата на мнозинскиот јазик, како резултат на интервенциите во јавната политика за зголемениот обем и проширување на можностите за употреба на јазиците на малцинствата. Но, се чини со другите јазици не е таков случајот, тие речиси не се ниту споменати Оваа промена на јазичната политиката е добро видлива во правната рамка.

Како резултат на анализата, овој дел нуди една лесно разбирлив компаративен приказ на две временски рамки, претставени преку клучните правни акти и одредби поврзани со употребата на јазиците и времето на нивното усвојување. Паралелно со промените во јазичните политики, извршени се промени и во остварувањето на социоекономските права, па, оттаму се среќаваат некои имплемнетации, кои се косат со правичноста на донесените акти и одлуки а се во корист на албанскиот ентитет.

3.2. Историски преглед на акомодирање на културните и јазичните различности во Република Северна Македонија

Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1974 година имаше предвидено дека македонскиот јазик има статус на официјален, а јазиците на етничките малцинства биле во службена употреба на локално ниво, во општините каде што малцинствата биле малцинство во значителен број. Политичките превирања и распадот на СФРЈ придонесоа до радикални промени во сѐ

поизострен национализам скоро на сите нивоа. Меѓутоа, подоцна дојдоа промените на Уставот, кои овозможија поголеми јазични права на Албанците. Со појавата на бранот на национализам, кој бил присутен пред распадот на Југославија, Уставот на Македонија беше изменет во 1989 година и ги ограничи јазичните права на малцинствата, што довело до етнички несогласувања и раширено незадоволство на малцинствата во процесот на добивање независност.

Заштитата на правата на малцинствата во сите држави, што произлегоа од СФРЈ, наследија високи стандарди коишто ги задржаа и ги усовршија. Албанскиот јазик, како и останатите малцински јазици, во времето кога Република Северна Македонија беше во рамките на СФРЈ, главно, ги имаа оние јазични права што се наведени во Европската повелба за регионални и малцински јазици и во Рамковната конвенција на националните малцинства.

Рамките на признаеност во СФРЈ на македонскиот јазик беа поголеми, македонскиот јазик беше признаен како рамноправен иако имаше понизок статус од српско-хрватскиот јазик, кој беше службен јазик на сојузно ниво, јазик за меѓународна комуникација.

За разлика од македонскиот јазик, српско-хрватскиот јазик беше задолжителен предмет во основните училишта, додека останатите јазици не (словенечкиот, македонскиот и др.) не се изучуваа во другите републики. До нови промени дојде по осамостојувањето на Република Македонија, кога македонскиот јазик доживеа еден вид преродба – полека се губеше чувството на инфериорност од српско-хрватскиот јазик, започна засилена издавачка дејност на македонски јазик итн., притоа и на полето на културата настапија промени. Статусот на албанскиот јазик во Република Северна Македонија за тоа време не се промени многу.

Што се однесува до албанскиот јазик, тој беше застапен во претшколските установи, во основните и средните училишта и на Катедрата за албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во

Скопје. Со тоа албанското малцинство не беше задоволно од статусот на нивниот јазик.[18]

Во Република Северна Македонија, во зачетоците на државотворноста како и во фазите на градење и дефинирање на националниот идентитет, каде јазикот игра една од клучните улоги, да се зборува за една комплексна јазична политика со инклузивен пристап и давање на највисок можен статус и на други јазици покрај македонскиот, би било еднакво на велепредавство.

Во овој контекст, да кажеме дека јазикот не случајно бил земан како значаен интеграциски фактор во тие моменти, статус кој го има и денес во моментите на редефинирање на постоечкиот јазичен систем. Унитарниот карактер на земјата, на прв поглед укажува на монојазичен модел со еден официјален јазик – доминантниот, но истовремено културната традиција на Република Северна Македонија и нејзиниот мултикултурен карактер побарува соодветен модел кој ќе одговори соодветно на македонскиот диверзитет.

Во тој временски период барањата за акомодација на јазичните права на малцинските заедници во Македонија честопати се земани како закана за државниот интегритет. Постоечките јазични политики немаа соодветна интеграциска мерка, туку напротив, даваа основа за продлабочување на разликите.

Република Северна Македонија, како нова држава, се карактеризираше со плуралистичка културна „палета“ на традиции и народен фолклор, кај кои немаше јазично мешање помеѓу различните заедници кои коегзистираа во Република Северна Македонија, но, од друга страна пак и немало до сега асимилациски мерки и политики во служба на доминантниот или останатите јазици на другите ентитети.

Со стекнувањето на независноста и самостојноста, Македонија ќе се бори да ги помири барањата на етничките заедници со потребата да биде унитарна и

[18] Груевска-Маџоска, 2012: 226-227

неделива земја. Обидите за интервенција на јазичната политика резултираше со усвојување на сложени и понекогаш нејасни правни норми за употребата на јазиците. Но, и покрај различните ограничени и делумни мерки, негувањето на правата на етничките заедници е траен белег на македонската политика. Ваквите традиции беа рефлектирани и во Уставот на Република Македонија од 1991 година, кој иако беше почетен период од формирањето на новата демократска држава, се карактеризираше и со „промотивен“ пристап.

Ако некоја етничка група беше доминантна во некоја општина, нејзиниот јазик беше официјален. Ако некоја етничка група сочинува најмалку 20 % од жителите на една општина, општинскиот совет може да одлучи да го користи својот јазик како службен јазик во таа општина. Освен тоа, беше загарантирана културна заштита на малцинствата, како што беше пристапот до средствата за јавно информирање на јазикот на малцинствата, државната поддршка на културните институции на јазикот на малцинствата и правата во образованието, што им овозможи на јазичните малцинства да се едуцираат и да го одржуваат својот идентитет.

Јавниот сервис Македонска радио телевизија , преку своите телевизиски и радиоканали, како и јавните локални медиуми во општините каде што малцинствата сочинуваа 20 % од населението, емитуваа програми на јазиците на малцинствата, а со чесни исклучоци вакви емисии имаше и на ромски јазик во некои општини. Од страна на државата, исто така, се финансираше издавањето и на еден албански весник и еден на турски јазик. Постоеја Национален театар на етнички малцинства во Скопје, кој понуди албанска и турска драма, како и некои културно-уметнички здруженија и групи, беа исто така финансирани од државниот буџет, што го потврдува промоцискиот карактер на вака поставениот систем за заштита и промоција на културните облежја на малцинствата во Република Северна Македонија.

Правото на образование на јазикот на малцинствата беше загарантирано во основните и средните училишта. Исто така, во рамки на образованието инструментите промовираа настава на мајчин јазик, и истите беа признати како

успешен пристап за вклучување на јазичните малцинства во образовниот систем, како и за заштита на нивното културно наследство и идентитет.

Во практика, основното образование беше достапно на македонски, албански, турски и српски јазик, во зависност од регионот на живеење, додека во средните училишта наставата беше достапна на македонски, албански и турски јазик. Причините за ваков ограничен пристап, односно достапност на образование на мајчин јазик на само неколку од сите малцинства во државата, се должи на ограниченият број на наставници и ограничените финансиски ресурси. Дополнително, албанската етничка група како најбројно малцинство во Република Македонија сметаа дека така поставениот систем не одговара на сите барања за акомодација на групата.

Имено, покрај сите тие поволности, сепак, неприфаќањето на барањата на пратениците Албанци за Уставот во 1991 година, создаде ситуација Уставот да претставува генератор на сериозна политичка криза во земјата. Одредбата од Уставот која се однесува за прашањето за јазиците не можеше да се спроведе директно, без да се донесе посебен закон за тоа.

Всушност, прашање беше дали да се донесе нов закон на ниво на земјата или доволно е да се интервенира во постоечките закони за конкретни области. Албанците во Македонија, исто така, побараа високо образование на нивниот јазик, како и Педагошки факултет финансиран од државата на албански јазик, со цел да се интервенира на полето на ограничен број на наставници по албански јазик во основните и средните училишта.

Дури беа организирани и масовни протести, кои во значителна мерка ги нарушија меѓуетничките односи и се создадоа национални тензии. Овие барања за високо образование се интензивираа со затворањето на Универзитетот во Приштина во 1995 од страна на Милошевиќ. Некои професори кои ги изгубија своите работни места во Косово, дојдоа во Македонија и се обидоа да основаат Универзитет на албански јазик во Мала Речица, кој уште на самиот почеток функционираше незаконски. Со цел надминување на ваквата состојба,

македонските власти изнајдоа какво такво решение. Ваквите барања резултираа со основање на првиот Универзитет на албански јазик со значителна поддршка и на меѓународната заедница (конкретно, ОБСЕ, Советот на Европа и САД). Универзитетот на Југоисточна Европа, кој во 2000 година започна со работа во Тетово, беше поддржан и страна на македонската Влада, преку обезбедување на државно земјиште кое беше доделено на Универзитетот.

Од денешен аспект, овој Универзитет претставува „Модел за мултиетничко и мултилингвално високо образование во Југоисточна Европа“[19]. Дезинтегрирачките процеси резултираа со конфликтот во 2001 година, и баш ОРД Охридскиот мировен договор – попознат како Рамковен договор, на некој начин даде одговор, односно рамка во која се постави темелите врз кои реалните културни и јазични разлики и формално добија своја форма и беа признати.

На овој начин Македонија го доби и своето „упатство“ за акомодирање на малцинските потреби и изградба на вистинско мултиетничкото општество.

Од културен и јазичен аспект, со ОРД се дадоа и првите насоки за креирање политика за употреба и заштита на малцинските јазици. За првпат се официјализираа јазиците на малцинските заедници (на локално и национално ниво) согласно територијалниот пристап, т.е. во општини каде заедницата е повеќе од 20 %. Со дизајнирањето на ваква културна и јазична политика се направија и првите чекори кон признавање и акомодирање на јазичниот и културниот диверзитет и плурализам во македонското општество.

Ова беше еден пример на вакво задоволување на барањата на малцинските заедници (конкретно на албанската заедница во Македонија) и се одговори на барања за поширока употреба на малцинските јазици. Спротивставените ставови, пак, укажуваат на (не)рационалноста на самите барања, односно на потенцијалниот ризик на ваквата јазична политика која наместо интеграциска улога, би имала придонес во продлабочување на постоечките разлики и линии на поделби.

[19] Xhaferi, Ibrahimi, 2012: 674

Оттука, се поставуваше прашањето дека потребна е претпазливост во креирањето на политики кои истовремено ќе одговорат на диверзитетот, при што ќе биде зачувана унитарноста на државата. Ваквите културни и јазични политики се базираат на реалните и функционални потреби на јазичните заедници, а не на емотивните барања на малцинските групи.

За воспоставување на таква културна јазична политика, според некои теоретичари, потребно е: воспоставување на модел кој ќе ја олесни комуникацијата меѓу граѓаните и државните институции и ќе овозможи државните институции да функционираат најефикасно и согласно рационалните потреби и интереси на граѓаните, односно модел кој ќе обезбеди различните етнички заедници во општеството да имаат еднаков пристап до системот и можност активно да партиципираат во него.[20]

Националните дебати до 2000 година се карактеризираа со дијаметрално различни и раздвојувачки ставови за прашањата поврзани со јазикот, особено за образованието на малцински јазик на универзитетско ниво; регистрација на имиња при раѓање на јазиците на малцинствата; употребата на топографски знаци на јазикот на малцинството; воведување на албански јазик во државната администрација.

Интервенциите во јавните културни политики поврзани со јазичните права преку измените на Уставот по 2001 година резултираа со значајни промени во официјалната употреба на јазиците на малцинските заедници. Околностите во кои беше изменет Уставот значително влијаеја и врз квалитетот на законските решенија и јасноста на новите одредби кои се однесуваат на прашањето на повеќејазичноста, што предизвика различни интерпретации за време на дизајнот на новите решенија, и соодветно на нивната секојдневна примена.

Уставните амандмани резултираа со дерогација на статусот на македонскиот јазик како службен јазик на целата територија на земјата, како и во

[20] Kelman, 1971:40

меѓународните односи, со воведувањето на официјалната употреба и на другите јазици кои ги зборуваат најмалку 20 % од населението.

Овој праг од 20 % го исполнува само албанскиот јазик, а што се однесува до другите малцински јазици, тоа не беше случај. Уставот ја дефинира употребата на албанскиот јазик како официјален. На локално ниво пак, за лицата кои живеат во единица на локална самоуправа во која најмалку 20 % од населението зборува официјален јазик, освен македонскиот, може да го користи тој официјален јазик за да комуницира со општинските власти, како и со регионалните канцеларии на различните управни органи на централната власт.

Институциите се должни да одговорат на граѓаните на јазикот кој е во службена употреба, покрај македонскиот јазик. Исто така, секое лице може да користи кој било службен јазик за да комуницира со министерствата, што ќе му одговори на тој јазик покрај македонскиот.

Оттука, може да се извлече констатацијата дека политичката конкуренција над статусот на официјалниот јазик е економска конкуренција во однос на вработеноста во јавниот сектор, што ја поттикнува политичката мобилизација врз основа на јазикот. Креирањето на културните и јазичните политики ги отсликува и карактеристиките на политичкиот систем на Македонија од 1991 година.

Процесите по традиција беа водени од коалициски влади со најмалку една политичка партија на етничките Албанци, која главно се залагаше за етнички барања на Албанците во Македонија. Ваквите практики резултираа со тоа етничките прашања да бидат редовно на врвот на агендата во фазите на преговори и дефинирање на различните коалиции низ годините.

Таков пример е и интервенцијата во јазичната политика со донесувањето на Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните на Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа, кој беше донесен како резултат на изборите од 2008 година, додека пак првите измени на ова решение и соодветно на политиката произлегоа како епилог на изборите од 2011 година. Истата практика очигледно продолжува, односно по исходот од

изборите во 2016 година, иако првично политичките партии на етничките Албанци демантираа барања за зголемена акомодација, односно дополнителни интервенции во законската и политичка рамка поврзана со употребата на јазиците, сепак со Предлог-законот за јазици се потврдува практиката од претходните две интервенции.

Слични се културните и јазичните политики со промената на власта во 2019 година, еден дел од албанските полоитички партии и понатаму настојуваат да бараат уште поголеми права во однос на јазичноста, а другите тоа како да го знамеаруваат, ставајќи други приоритети за да го придобијаат гласачкото тело.

3.3. Мултикултурниот и јазичниот статус со барањата за акомодација

Во теоријата за културната и јазичната политика и планирање, терминот јазичен статус ја означува перципираната релативна вредност на еден јазик, која е во врска со социјалната полезност на јазикот, која од своја страна пак, ја опфаќа пазарната вредност на дадениот јазик како средство за комуникација, плус низа субјективни карактеристики што се во врска со општествената јазична култура. Културниот и јазичниот статус може да се интерпретира и како вредност на јазикот, културата и традицијата, односно негова социјална вредност како средство за комуникација, плус општествената јазична култура.

Според Риценто, статусот на јазикот не зависи исклучиво и неопходно од легалниот статус што јазикот го добива од државата преку нејзините извршни, законодавни и правни тела. Многу битен фактор за статусот на еден јазик е самата перцепција на тој јазик од страна на социјалната средина. На овој начин се илустрира и значењето кое јазикот го има во воспоставување на општествените односни. Како резултат на политичките одлуки, статусот, односно регулацијата на јазиците и јазичните политики неретко се остваат или се преклопуваат термините службен јазик (официјален јазик) и јазик во службена употреба.

Политичките партии како чинители на власта често и манипулираат со ваквата непрецизна дистинкција и дефиниција. Неспорно е дека во ваквите состојби недостасува јасна дефиниција на термините врз основа на што и самите јазични политики би биле попрецизни и појасни.

Со цел попрецизно определување на термините соодветно на македонскиот контекст, неопходно е да се земат предвид различните фактори кои влијаат на степенот на официјалната употреба на малцинските јазици. Најзначајните фактори, согласно кои може да се евалуира валидноста на барањата за акомодација и здобивање на официјален статус на еден јазик, се: бројноста и територијалната концентрација на индивидуи кои припаѓаат на одредено јазично малцинство, историскиот статус на јазикот на малцинствата, долготрајните врски на јазично малцинство и територија (автохтониот карактер), влијанието и притисокот наметнат од страна на државата за да се постигне признавање на јазиците и нивна официјалната употреба, политичкото влијание на самите малцинства задолжени да постигнат официјален статус на својот јазик.

Имајќи ги предвид податоците по прашањето на бројноста и територијалната концентрација, неопходно е да се земе предвид дека повеќето етнички Албанци се компактно населени во западниот дел на земјата, во речиси континуиран појас долж македонската граница со Албанија и Косово, а и во некои села во близина на Скопје. Од вкупно 80 општини, плус Градот Скопје, Албанците се мнозинско население во 16 општини (од кои пет се урбани и 11 селски) и во 13 единици на локалната самоуправа, кои се состојат од повеќе од 20 % од популацијата.

Споредбено, другите малцинства не се компактно поставени во поглед на нивната територијална и бројчана концентрација, со неколку исклучоци. Турците се мнозинство во две општини и се состојат од повеќе од 20 % од населението во две други општини.

Ромите се мнозинство во една општина, а Србите сочинуваат над 20 % од населението во една рурална општина. Но, и покрај етничките несогласувања во

периодот на стекнување на независност, „Македонската држава сепак е повеќе инклузивна во однос на своето немакедонско население, отколку што имало во повеќето други поранешни Југословенски Републики од 1991 година“.[21] Според историскиот статус на јазикот на малцинствата, како една од карактеристиките на традицијата на мултикултурализам и мултилингвализам, кои историски се присутни во Македонија, корените на постоењето и користењето на малцинските јазици оди чекор поназад. Македонија беше дел од Југославија, која се состоеше од шест Републики (Србија, Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина, Македонија и Црна Гора) и имаше три официјални јазици: српско-хрватски, словенечки и македонски.

Според Уставот на Југославија од 1974 година, овие три официјални јазици имаа еднаков статус на федерално ниво, но во пракса српско-хрватскиот јазик доминираше во институциите. Уставот, исто така, го гарантираше правото на националните малцинства да ги користат нивните јазици во формална комуникација. Албанскиот и унгарскиот јазик беа во официјална употреба во двата автономни реони во Србија: Косово и Војводина. Албанското малцинство, исто така, како автохтона малцинска група во Република Македонија, следејќи ја традицијата од претходниот систем, соодветно поставуваше барања за акомодација и проширување на палетата на права доделени на оваа група.

Од друга страна пак, како дополнителни услови можат да се издвојат и: капацитетот на системот, можностите и волјата (или подготвеноста) за вакви интервенции во политиките. Во 1998 год. од страна на Собранието на Република Македонија беше изгласан Законот за употреба на македонскиот јазик, со којшто се регулираат одредбите во врска со сферите на употреба и заштита на јазикот, и на тој начин се институционализира грижата на државата за македонскиот јазик. Статусот на македонскиот јазик во голема мера се измени по усвојувањето на амандманите на Уставот на Република Македонија во 2002 година како резултат на ОРД. Уставот на нашата земја во определени делови јасно укажува на фактот дека прашањето за употреба на јазиците треба да се решава на еден континуиран

[21] (Engstrom, 2002: 6).

и систематизиран начин. Во членот 7 од Уставот со којшто е регулиран статусот на македонскиот и на другите јазици коишто се зборуваат во Македонија е определено дека и „друг јазик што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните исто така е службен јазик, како и неговото писмо“, така што институцијата – втор службен јазик во Македонија се воведува на определено ниво, поконкретно со Законот за употреба на јазик што го зборуваат најмалку 20 % од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа од 2008 година.[22]

Во вака изменетиот член 7 од Уставот се дефинира дека покрај македонскиот, останатите јазици исто така може да се користат како официјални, иако никогаш експлицитно не било наведено кои се ваквите јазици. Наместо тоа, поставени се јасни услови, кои доколку се присутни, дозволуваат користење на даден јазик како официјален.

Условите се претставени од нумерички аспект: доколку најмалку 20 % од населението припаѓа на дадена јазична заедница која не е мнозинска, тогаш јазикот на таа заедница е исто така официјален јазик на Републиката. Покрај тоа, истото правило се применува и во рамки на единиците на локална самоуправа. И во тој случај, малцинските јазици може да се користат како официјални доколку во рамки на дадената општина најмалку 20 % од населението ѝ припаѓа на немнозинска заедница.

Заедниците кои сочинуваат помалку од 20 % од населението исто така можат да го користат својот јазик како официјален, доколку општинскиот совет по демократски пат донесе таква одлука. Фокусот на интерес треба да се насочи не кон намалување на веќе добиените јазични права на малцинствата во Република Македонија, туку кон подигање на нивото на познавање на македонскиот јазик од страна на малцинствата и почитување на законската регулатива на целата територија на Република Македонија. Да не се случува во единиците на локалната самоуправа, во кои мнозинство се Албанци, македонскиот јазик да биде со понизок статус од албанскиот или воопшто да не се употребува.

[22] Ѓуркова, 2003

Мултикултурната јазичната политика што се спроведува во Република Северна Македонија треба да биде под постојана опсервација од сите надлежни органи и да се интервенира со коригирање на одредени неправилности кои се пименуваат преку законските прописи. Тое е еден од најдобрите начини, кој ќе се обезбеди мирен соживот во нашата мултикултурна заедница.[23] Од друга страна, пак, заложбите кои се залагаат за унапредување на статусот на албанскиот јазик во Република Македонија, се повикуваат на контекстот, односно на диверзитетот и традицијата на различности, толеранцијата и соживотот во земјата. Според Арифи, иако албанскиот јазик во оваа држава службено се употребувал и во далечното минато, иако службеноста на истиот се регулираше со Охридскиот договор и Амандманот 5 на Уставот уште во 2001 година, иако беше донесен посебен Закон за неговата употреба во 2008 година и истиот беше изменет во 2011 година, сепак, по сѐ изгледа сѐ уште има дилеми околу тоа дали е или не е службен јазик и колку и каде истиот може да се употребува и каква е неговата имплементација.

Обврската за регулирање на службеноста на албанскиот јазик е обврска која произлегува од Охридскиот договор и која е вградена во Уставот на Република Северна Македонија, но кога се зборува за практичната применливост на овие законски решенија, доаѓа до израз нивната неиздржливот во оние делови од државата, каде воопшто нема албанско население. Договорите мора да се почитуваат, ова е суштинското начело на секое цивилизирано општество. Но некои фактори имаат спротивно мислење и ги отфрлаат ваквите наративи дека ако албанскиот јазик има повеќе права, македонскиот јазик ќе има помалку, или пошироко, ако Албанците имаат повеќе права, тогаш Македонците ќе изгубат права или ќе имаат помалку права, дури некои мислат дека со ваквите законски решенија дел од Македонците се чувствуваат дискриминирани. Државата треба да им осигура на сите да имаат еднакви права пред системот, како и правото да имаат еднакво пристап до можностите.

[23] Груевска-Маџоска, 2012

Државата не е бранител на една нација, ова не се поранешните времиња, туку на нејзините државјани, и таа треба да ги застапува интересите на сите нејзини граѓани и да им овозможи услуги и права. Овие услуги вклучуваат социјални права, човечки права, економска сигурност, право на живот и право на избор на професија, право според кое ќе се чувствуваат како дел од својата држава и така натаму. Според[24] академик Ќулавкова, во поглед на статусот и во контекст на ЕУ Повелбата (1992/98), албанскиот јазик треба да има статус на малцински или т.н. регионален јазик (со јазични права кои ќе важат за припадниците на тоа јазично малцинство/заедница и на територијата каде што живее тоа јазично малцинство).

Албанскиот јазик треба да ги ужива правата на малцински регионален јазик на локално/регионално ниво: во општините каде што албанската популација е мнозинска или е над 20 % од вкупното население, албанскиот треба да има статус на втор официјален јазик, наспрема македонскиот, кој е прв државен - официјален јазик во целата држава Република Македонија и има статус на национален и државен јазик.

Европските и меѓународните стандарди за човековите права (вклучувајќи ги и стандардите кои се однесуваат на малцинствата и нивниот јазик), се минимум стандарди и не постои никаква пречка една држава да оди надвор и над тоа што го предвидуваат овие стандарди, сметаат дел од албанските интелектуалци. Така, Европската повелба за регионални и малцински јазици предвидува дека Повелбата нема никакво влијание на внатрешното законодавство или на меѓународните договори кои државата ги има ратификувано, а кои можат да имаат понапредни одредби во врска со статусот на јазиците во државата[25] (член 4). Според ова, тврдењето дека албанскиот јазик треба да има статус на малцински јазик не држи, односно може да биде само нечија желба, но не и пречка за унапредување на употребата на албанскиот јазик, истакнуваат од албанската интелектуална елита.

[24] Став на Академик Ката Ќулавкова

[25] Европска повелба за регионални и малцински јазици, член 4

Според нив, пак, треба да се прави разлика помеѓу субјективното право на службена употреба на јазикот, како што се регулира во Амандманот 5 и службеноста на еден јазик во работењето на институциите. Јасно е дека во Амандманот 5 се предвидува албанскиот да биде службен во централните државни органи, врз основа на регулирање со закон, и на локалните органи во единиците каде што повеќе од 20 % граѓани зборуваат јазик различен од македонскиот.

Впрочем, убаво е што се споменува за кој јазик се работи, бидејќи колку и да се сака да се крие, се знае дека јазикот кој го говорат најмалку 20 % од граѓаните на оваа земја, а е различен од македонскиот, е албанскиот. Работите треба да се определуваат јасно, бидејќи, на пример, сигурно повеќе од 20 % во Македонија говорат англиски јазик, па така треба да се знае точно кој јазик е службен. Како и да е, јазичното прашање било актуелно и повторно ќе биде, бидејќи тоа се користи и за дневно политички цели, посебно во периоди кога има предизборни и изборни активности.

3.4. Интеркултурна акомодираност - прилагоденост

Интеркултурната акомодираност е способност определени културни вредности да се приспособат и да се мобилизираат, притоа да се распоредат релевантни психолошки ресурси со цел соодветно и ефикасно да се одговори на барањата, предизвиците и можностите содржани во меѓукултурните ситуации. Поконкретно, меѓукултурната компетентност се состои од комбинација од вредности, ставови, вештини, знаења и критичко разбирање, применети преку дејствување што овозможува:

- да се разбираат и да се почитуваат луѓето со различна културна припадност од сопствената;

- да се реагира соодветно, ефикасно и со почит кога се комуницира со луѓе со различна културна припадност;

- да се воспостават позитивни и конструктивни односи со луѓе со различна културна припадност.

Почитна акомодираност значи дека другиот се гледа, цени и се вреднува позитивно; „соодветно“ значи дека сите учесници во ситуацијата се подеднакво задоволни од тоа како се одвива интеракцијата во рамките на очекуваните културни норми; „ефективно“ значи дека сите вклучени страни во интеракцијата можат барем делумно да ги постигнат своите цели. На тој начин се воспоставува и мултиетничка поставеност на различните ентитети, а од тука произлегува и мултикулурализмот.

Интеркултурниот дијалог е инструмент за отворена размена на ставови врз основа на меѓусебно разбирање и почитување, помеѓу поединци или групи кои сметаат дека им припаѓаат на меѓусебно различни култури. Тој бара слобода и способност за лично изразување, како и подготвеност и способност да се слушаат ставовите на другите, а различностите во културното изразување во овој контекст се гледа како на голема предност за акомодирање на различните културни изрази, вредности и искуства. Интеркултурната соработка поттикнува конструктивен пристап кон културните поделби, ја намалува нетолеранцијата, предрасудите и стереотипите и придонесува кон политичка, социјална, културна и економска интеграција и кохезија на културно разновидни општества. Интеркултурна соработка ја поттикнува еднаквоста, човечкото достоинство и чувството за заедничка цел. Таа има за цел да достигне подлабоко разбирање на разновидните гледишта на светот, да ја подобри комуникацијата и ангажираноста (или слободата да се избира), да дозволи личен раст и промена и да промовира почит кон другиот.

Имено, интеркултурниот дијалог, како соработка на различни култури, може да биде тежок процес. Ова особено се случува кога учесниците меѓусебно се доживуваат како претставници на спротивставени култури (на пример, како последица на минат или сегашен вооружен конфликт) како што беше случајот со воениот конфликт во Република Северна Македонија во текот на 2001-та година или кога еден учесник верува дека неговата (нејзината) културна група доживеала

значителна штета (на пример, отворена дискриминација, материјална експлоатација или геноцид) од страна на групата во која припаѓа соговорникот. Во такви околности, интеркултурниот дијалог може да биде исклучително тежок, да бара висок степен на меѓукултурна компетентност и голема емоционална и социјална чувствителност, посветеност, упорност и храброст.

Фактички, приспособувањето на различните културни вредности од различни ентитети е многу значајна за намалувањето на меѓуетничките тензии и придонесува за мирно решавање на конфликтните ситуации и за намалување на тензиите од различни етнички заедници во зависност од регионот на кој тие му припаѓаат.

Сите овие елементи, наведени претходно, ни даваат за право да констатираме дека етничката и културната дистанца треба да се релативизираат и во тој контекст културите не би требало да се споредуваат и различната етничка припадност со другите култури и етнички заедници, туку сите овие карактеристики се вредни за самата етничка заедница со сите свои специфичности и карактеристики и дека секоја посебност и различност на другите култури и етнички заедници треба да ја почитуваме и кон неа да се однесуваме со респект, колку и да е таа различна и неприфатлива од аспект на сопствената култура.

Глава IV. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

4.1. Методи и начини на спроведувањето на истражувањето

Во однос на методологијата како ќе се врши истражувањето на влијанието на културата врз акомодацијата на меѓуетничките заедници, ќе го користиме дијагностицирањето и анализата на однесувањето на различните ентитети во културата како фактор што влијае и на истото, со посебен акцент на нејзиното влијание врз акомодацијата, односно приспособувбањето на различните културни ентитети или мултикултурните особености во Република Северна Македонија.

За да се остварат гореспоменативе цели, ќе се применат голем број на научни методи, како што се: анализата, синтезата, компарацијата, дедукцијата, индукцијата и друго. Со методот на анализа се утврдуваат карактеристиките и обележјата на кулурата и акомодациските процеси поодделно, а дескриптивниот метод се користи за опишување на нивниот предмет.

Преку компаративниот метод, се анализираат квалитативните разлики и влијанието на културата врз акомодативните процеси во нашата земја и во развиените замји. Овие методи на истражување ќе бидат насочени кон собирање на примарни и секундарни податоци и тоа преку анкетно истражување, користење на расположливата литература и пребарување на интернет.

Со примената на овие методи се добиваат многубројни изворни информации со кои се дава заклучок кој ќе даде потемелни резултати и констатации од споменатата проблематика на овој магистерски труд.

4.2. Определување и дефинирање на проблемот на истражување

Предметот на истражување се мирното решавање на спорови по пат на акомодација и припособување на различните ентитети, кои се појавуваат во мултикултурните општества, со посебен осврт кон начинот на процесирање на конфликтите и нивното решавање. Имено, истражувањето се фокусира на тоа

како живеат луѓето во мултикултурните општества во нашата држава, дали по пат на акомдација се надминуваат конфликтните спорови и на кој начин реагираат луѓето за подобрување на меѓуетничките односи и состојби на локално и национално ниво. За на крај да се направи синтетизирање на податоците од истражувањето и да се изнесат соодветни заклучни согледувања и констатации.

Република Македонија е мултиетничка држава, која долго време се бори со последиците од процесите на транзицијата, кои негативно влијаат на социјалната нестабилност, економскиот и политичкиот развој на земјата. Иако помина повеќе од дваесет години од конфликтот, постоењето на етничките тензии и национализмот е уште еден голем проблем, којшто дополнително влијае и го попречува процесот на развој и стабилност на државата и политичката интеграција во ЕУ. Како важна алка во градежниот синџир на меѓуетничките односи и мир во заедницата се младите.

Различните варијанти на живот, различните вредности кај многубројните културни групи (етнички заедници) кои живеат на нашите простори, им го наметнуваат на нивните деца проблемот на приспособување. Процесот на акултурација не е лесен, напротив тој е полн со опасности. Предрасудите на една заедница во однос на друга, сегрегацијата на некои малцинства, борбата на оние кои се помалку привилегирани да бидат прифатени од оние кои се повеќе привилегирани, отфрлувањето на старите генерации од страна на помладите кои копнеат по нов начин на живот - ова ја загрозува сигурноста на децата.

Нашето општество го сочинуваат повеќе супкултури со различни вредности, обичаи и надежи. Мултикултурализмот и адресирањето на меѓуетничките односи во образованието претставуваат основа за меѓусебното разбирање и градењето на кохезивно општество. Учениците во оваа земја прво треба да научат да ги разбираат, прифаќаат и почитуваат разликите во сопствената земја за да се интегрираат во сопственото општество. Потоа тие може да тежнеат кон потполна интеграција во европското семејство. Но во последно време во медиумите и јавниот живот значајно место заземаат извештајите за сѐ поизразената тенденција на поделба по етничка основа во училиштата.

Кичево е општина која се состои од градот Кичево со околните села, додека населението се состои од преставници на етничката заедница на Албанците, Македонците, Турците и Ромите, според редот на застапеност во проценти. Населението главно живее во етнички населби, што доведува до живот поделен по етнички линии.

4.3. Цели и задачи на истражувањето

Општата цел на ова истражување е стекнување на определено научно сознание за предметот на истражувањето, но и апликативност на тоа истражување за истото да добие општествена оправданост.

Главната цел на ова истражување е да се истражи поврзаноста помеѓу примената на мултикултурните програми во образовните институции и меѓуетничкиот соживот во земјата, односно да се утврди колку мултикултурните програми што се применуваат во образовните институции влијат врз соживотот во оние делови од земјата каде има доминантен број на жители од албанската заедница и кои се ефектите од ваквите политики.

Заради добивање на потребните податоци и утврдување на релевантните факти во истражувањето, се прават детални анализи во истражувачкиот предмет кои треба да ги дадат и потврдат поставените научни цели кон темата. Во овој случај најголем акцент е ставен на акомодацијата како процес, кој придонесува детално да се елаборира истражувачкиот предмет, при што се поставуваат определени цели на истражувањето:

- најпрвин се врши поимовно определување за тоа што е мултикултурно општество со неговите карактеристики;
- се врши анализирање на поимот акомодација и појавите околу нејзиното манифестирање;
- се прави елаборирање на состојбите на теренот, односно во конкретниот локален или регионален реон;

- се прави анализа на причините и факторите кои се појавиле и биле потребни да се примени акомодацијата;

- истражување на начините на процесирање на конфликтите во ситуација на мултикултурни општества по пат на притисок за акомодација;

- спроведување на емпириско истражување со цел добивање на една јасна, реална слика за актуелните состојби во општините во Македонија.

Во овој труд цел на истражувањето е преку теоретските аспекти за конфликтите во мултикултурните општества, да се осознаат начините како да се спроведе акомодацијата. Тргнувајќи од комплексноста на истражувањето, најпрво е извршена теоретска разработка на поимите мултикултурно општество и процес на акомодација, со податоци кои се релевантни за реализација на поставените цели.

На крајот во заклучните ставови конкретно се определени главните карактеристики на процесот на акомодација.

4.4. Општествена и научна оправданост на истражувањето

Заокружувањето на државноста на една земја поминува низ повеќе процеси, а најсложени се процесите околу надминувањето на конфликтите во мултикултурните општества, кои се честа појава и е неопходно да бидат навремено препознаени и менаџирани.

Таков е случајот и со Република Северна Македонија. Можеби превентивните мерки за спречување на конфликтот од 2001 година ќе биле пресудни да се спречат меѓуетничките судири, но тие не биле преземени. На тој начин нашата земја претрпе огромни материјални штети и голем број човечки жртви. Па оттука, за вкавите состојби, се мисли, пред сѐ, на деструктивните конфликти, треба да бидат перципирани како негативна појава во општествата затоа што предизвикуваат негативни ефекти врз односите помеѓу луѓето, ги уназадуваат демократските процеси и развивањето на граѓанското општество.

Анализирајќи ги причините за појава на конфликтите, како главни фактори за нестабилност и тензични состојби се појавуваат: нетрпение, недоволна организација и контрола на повеќе фактори кои влијаат на создавањето на соживотот во мултикултурните општества. Да се превенира, или да се надмине конфликтот, значи да се поседува менаџментска способност за стратешко поставување на работите, при што во основа ќе се спречат овие несакани појави.

Меѓуетничките тензии државата ја уназадуваат и се пречка и за развојот на економски и социјален план. Во такви случаи едноставно запираат сите напредни процеси за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните од сите аспекти.

4.5. **Хипотетска рамка или хипотеза како предмет на истражувањето**

Политиките и мирното решавање на споровите во транзициските држави, како што е Република Северна Македонија, имаат пресудно влијание нивниот развој да биде подинамичен, со побрзо интегрирање во евроатланските асоцијации.

Главната хипотеза се заснова на побрзиот излез од поголеми општествени превирања на државата. Тука процесот на акомодација игра значајна улога во мирно надминување и решавање на внатрешните меѓунационални конфликти во државата.

Општа хипотеза

Примената на мултикултурните програми во образовните институции во земјата, поконкретно во општина Кичево.

Релевантни (поединечни) хипотези:

• Постојат разлики во влијанието на мултикултурните програми во образовните институции врз соживотот во општините со мешан етнички состав, во поглед на местото на живење и годините на учесниците на овие програми.

4.6. Варијабли на истражувањето

Од предметот на предложеното истражување како независни варијабли се јавуваат мултикултурните програми. Зависни варијабли се: соживотот во општина Кичево, меѓуетничката толеранција, меѓуетничката комуникација и интеграција и етничките предрасуди.

Релевантни варијабли се: местото на живеење, етничката припадност и годините на учесниците на мултикултурните програми во образовните институции.

4..7. Модели на интеркултурниот простор

Кога зборуваме за мултикултурализам, потребно е да се објасни прашањето за мултикултурниот простор, односно околината во која се реализира мултикултурализмот. Мултикултурниот простор, во суштина, го содржи прашањето за кохезија и стабилност на едно општество, но таа социјална кохезија мора детално да се објасни и не може да се сведе на многу бинарна логика, според која стои балканизацијата во однос на кохезијата, т.е. единство – хаос.

Имено, се поставува прашањето колку мултикултурализмот со разликите ја ослабува социјалната кохезија, колку му се заканува и колку претставува закана за распаѓање на општеството и државата.

Се разбира, постојат неколку модели на мултикултурен простор, секој на свој начин нуди различен поглед на проблемот на кохезија на општеството, но за целите на овој труд, прифаќајќи ја класификацијата на Андреа Семприни, накратко ќе претставиме четири главни модели на мултикултурен простор, имено: Класичен политички либерален модел, Мултикултурен либерален модел, Максималистички мултикултурен модел и Модел на мултикултурализам на

компанијата. Класичен политички либерален модел - овој модел се заснова на класична либерална теорија и има влијание врз многу современи демократски устави.

Глава V

Граѓанскиот сектор има голем придонес кон акомодацијата за меѓусебно прилагодување на различните етнички заедници и во мултикултурните политики

5.1. Граѓанскиот сектор има голем придонес кон акомодацијата за меѓусебно прилагодување на различните етнички заедници и во мултикултурните политики

Голем дел од иницијативите за подобрување на меѓуетничкиот соживот и мултикултурно разбирање се спроведувани од страна на организациите на граѓанското општество. Во годините по ОРД, овие активности добија на интензитет.

Реализираните проекти се однесуваат на анализите на мултикултурните политики и практики, кои се истражувачко и влијателно ориентирани, поврзани со различни аспекти на спроведувањето на ОРД и подобрување на мултикултурно разбирање: етничка интеграција во државната и општинската администрација, обуки за јакнење на капацитетите на администрацијата за поддршка на меѓуетничка социјална кохезија, промоција на принципот на интегрирано образование уште од најрана возраст, промоција на механизми за подобрување на вклученоста на граѓаните во процесите на донесување на одлуки на локално ниво, унапредување на меѓуетничката интеграција помеѓу младите итн. Деталната анализа на влијанието, обезбедена од страна на секоја од овие иницијативи, е сепак надвор од опсегот на оваа анализа.

Важен аспект кој треба да се земе предвид е фактот дека овие иницијативи претставуваат значајна поддршка на локалните власти, кои во голема мера имаат недостиг од капацитети (главно финансиски, човечки ресурси) за иницирање и спроведување на активности во овој сегмент.

За таа цел, спроведувањето на активностите на локално ниво во голема мера зависи од достапноста на донаторска поддршка. Друг важен аспект се однесува на капацитетите на локалните граѓански организации (ГО) да иницираат и спроведуваат иницијативи кои ќе придонесат за подобрување на меѓуетничките односи на локално ниво. За целите на истражувањето на капацитетите на локалните ГО да дејствуваат во областа на мултиетничка интеграција, интервјуата беа спроведени со претставници на граѓанскиот сектор. Неколку проблеми беа

издвоени: недостаток на стабилни финансиски средства, недостаток на финансиска поддршка од страна на локалните власти за спроведување на иницијативи од ваков вид (иако соработката беше позитивно оценета), недостаток на соработка со локалните органи и тела.

Оваа констатација е важна во однос на фактот дека најголем дел од иницијативите кои се спроведуваат на локално ниво се спроведени од страна на организации надвор од општината, додека локалните организации имаат мала поддршка за спроведување на нивните сопствени иницијативи. Ваквата состојба е повеќе евидентна во руралните општини, каде што локалниот граѓански сектор често е недоволно развиен.

Истражувањата покажаа дека и покрај општото набљудување на стабилни меѓуетнички односи во општините со мешан етнички состав, некои испитаници искажуваат одредена загриженост дека заложбата за меѓуетничкиот соживот може да биде во голема мера декларативна, и потребни се повеќе иницијативи за да се обезбеди вистинско зближување на граѓаните од различни етнички групи. Постои одредено незадоволство во врска со општинските инвестиции во различни локални заедници, при што секоја од етничките групи се перципира како обесправена во однос на распределба на ресурсите.

Меѓутоа, општините со мешан состав на етнички заедници прават напори да се балансира дистрибуцијата на локални фондови за ГО кои работат на застапување на интересите на различните етнички заедници. Некои испитаници, исто така, го покренаа прашањето на недостиг на доверба меѓу различните етнички заедници, што и понатаму е проблем што треба да се реши. Иако постои соработка помеѓу општинската администрација од различно етничко потекло, оваа соработка е изразена најчесто кога сите релевантни чинители имаат заеднички интерес.

Во други случаи, соработката е главно декларативна и врз основа на принципот на реципроцитет. Релевантни засегнати страни, исто така, укажуваат

на фактот дека одразот на проблемите од централно на локално ниво, не придонесува за подобрување на односите меѓу различните етнички заедници.

Анализата на меѓуетничкиот соживот и неговата промоција во општините со мешан етнички состав покажува дека руралните општини се во понеповолна положба за остварување на стратешките цели. Сегрегацијата во физички оддалечени и етнички сегрегирани локални заедници, ја попречува можноста за здружување на граѓаните од различни етнички групи. Организирањето на заеднички настани е потешко, особено со поглед на ограничените финансиски средства за нивна реализација.

Во одредени случаи, интервјуата покажаа недостаток на свест за мултикултурниот карактер на општините, кога некои од испитаниците посочиле дека нивното село е етнички „чисто“, не постои потреба за активности за промоција на мултикултурализмот. Дополнителна поддршка (финансиска, логистичка) треба да се обезбеди за овие општини, со цел да ги исполнат нивните стратешки определби.

Беше очигледно од интервјуата и јавните дебати, дека во многу случаи развојот на мултикултурализмот се смета за прашање што ги засега односите меѓу припадниците на најголемите етнички заедници - Албанците и Македонците.

Јавните дебати покажаа дека припадниците на помалите етнички заедници, често се оставени зад процесите на донесување одлуки и дека тие се постојано подложени на дискриминаторски практики. Треба да се направат повеќе напори за да се обезбеди вклучување на помалите етнички заедници во сите аспекти на дизајнот и спроведувањето на иницијативите на локално ниво.

Глава VI

Примената на емириското истражување како релевантен фактор за научна заснованост на резултатите добиени за поставената тема

6.1 Примената на емириското истражување како релевантен фактор за научна заснованост на резултатите добиени за поставената тема

Со цел да се обезбедат релевантни податоци за определената тема, неопходно е да се спроведе емпириско истражување во облата во која сакаме да истражуваме. Во конкретниот случај, предмет на нашето истражување е мултикултурното општество и акомодацијата на различните етнички заедници во нашата земја.

Тоа значи дека науката треба да биде дел од основната едукација, како што е јазикот, културните елементи, а тука, пред сѐ, се мисли на културата, уметноста и традицијата на секоја од етничките заедници кои живеат на тој простор.

Науката е значаен дел од човечката култура и претставува еден од врвните капацитети за размислување. Таа обезбедува искуство за развој на јазични, логични и проблем - решавачки вештини.

6.2. Методолошки истражување кои се применуваат за осознавање на придонесот на процесот на акомодација од аспект при надминување и решавање на спорните меѓунационални односи

Со цел поголема научна заснованост, се применуваат квалитативни и квантитативни методолошки постапки при спроведувањето на научното истражување. Притоа, со користење на инструментите за научно истражување, како што се: анкети, прашалници, интервјуата со определени целни групи од различни етнички ентитети, се доаѓа до релевантни податоци за карактерот и особеностите на процесите за прилагодување на толерантен соживот во мултиетничките средини.

Анкетата е инструмент за истражување кој е спроведен преку претходна изработка на прашалник со стандардизирани прашања. Во конкретниот случај прашањата во анкетата се однесуваат за тоа колку граѓаните ја перципираат

состојбата на прилагодување во јазична и културна смисла. Анкетата е спроведена со помош на алатката за анкети Survey monkey.

Овој метод се користи бидејќи на многу брз и лесен начин се анкетираат поголем број на испитаници.

Обработката на податоци се вршеше со анализа, при што е применет методот на анализа и синтеза, а добиените податоци се искористени за табеларно и графичко прикажување по претходно собраните податоци од истражувањето.

Приемната на различните методолошки постапки придонесува за изработување ма темелна теориска содржина, која јасно ги отсликува процесите на акомодација и прилагодување на единките во една мултиетничка средина.

6.3 Методологија и примена на инструменти во истражувањето со анализа на податоците

Анализа на мултикултурни политики и практики

Методологија

Процесот на истражување опфаќа неколку аспекти од развојот на мултикултурализмот на локално и национално ниво – спроведени иницијативи и обем на соработка помеѓу релевантните локални регионални и национални заинтересирани страни (граѓански организации, органите на локалната самоуправа, образовни институции, локалниот деловен сектор, медиумската сфера, стратегии на Владата на Република Северна Македонија, Програми за подобрување на меѓуетничкиот соживот во оние региони каде што има мешана структура на населението итн.), обезбедувајќи основа за структурирање на активностите на истражувањето, во согласност со специфичните локални и регионални услови и потреби.

Наодите од проценката беа презентирани и дискутирани на јавни дебати организирани во секоја од целните општини во оние региони со мешан етнички состав на населението. Анализата и проценката, кои се надополнети со препораки и заклучоци од релевантни чинители кои учествувале на дебатите, имаат за цел да се обезбеди темелен преглед на ситуацијата во целните општини и региони, и да се предложат препораки за идни активности.

Со оглед на темата на анализата и нејзините цели, процесот на истражување беше врз основа на преглед на соодветна документација, претходни анализи, постојни квантитативни и квалитативни податоци; полуструктурирани интервјуа со претставници во локалните и регионалните организации/институции со цел да се истражат нивните односи, улоги и функции, протокот на информации и распределба на одговорностите, релевантни за темата на истражување.

Деск-истражувањето се состои од преглед на локалните политики, акциони планови и стратегии, документи за имплементација на иницијативите и проценка на локалните капацитети и владините институции за интервенција и промоција на мултикултурна демократија и меѓуетничка интеграција.

Покрај анализата на законската рамка за промоција на мултикултурализмот и меѓуетничкиот соживот, беше ревидирана документацијата во врска со процесот на спроведување на локалните и државните акциони планови за мултикултурен дијалог/разбирање.

Анализата го зема предвид постоењето на другите стратешки документи за спроведените иницијативи, поврзани со промоција на мултикултурализмот на локално и на национално ниво. Со оглед на тоа дека капацитетите за акција на локалните и на државните институции најмногу зависат од нивниот статус во рамките на локалната самоуправа и на владино ниво, анализата ја зема предвид правната и институционалната рамка за работата на органите.

Исто така, соработката со организациите на граѓанското општество претставува значаен аспект во промовирањето на меѓуетничката соработка и вклученост на граѓаните во процесот на донесување одлуки на локално ниво. Како

резултат на тоа, анализата се базира на докази за соработка меѓу органите на локалната самоуправа и локалните граѓански организации, владините инстиуции и органи. Процесот на спроведување на концептот на интегрирано проучување и истражување на меѓуетничките состојби во земјата.

Анализа на мултикултурните политики и практики во образованието е забележана во училишниот систем; проценката, исто така, ги зема предвид сите други документи, документи за политиката и анализи кои се однесуваат на условите кои владеат во сферата на меѓуетничките односи во целните општини и региони. Извршените увиди од деск-истражувањето се дополнети со интервјуа со релевантни чинители во целните општини.

Интервјуата се спроведувани со претставници на органите на локалната самоуправа, членовите на деловниот и образовниот сектор и со активисти за човекови права и членови на граѓански организации, кои се активни на полето на заштитата на човековите права и промоција на мултикултурализмот.

Целта на интервјуата беше да се обезбеди длабоко разбирање на улогите, активностите и вклучување на засегнатите страни во олеснувањето или можната воздржаност во развојот на меѓукултурниот дијалог и соживот меѓу различните етнички заедници во Република Северна Македонија. Овие наоди ги дополнија информациите добиени од деск-истражувањето.

Исто така, анализата покажа дека во неколку општини и региони низ целата земја имало иницијативи за преименување на улици. Во многу случаи, постапките со кои се бараат препораки на локалниот (Комисија за односи меѓу заедниците) КОМЗ не беа почитувани во целост: имаше недостаток на податоци за состаноци на КОМЗ, како и писмени препораки до Советот на општината низ архивите.

Покрај тоа, одлуките донесени од страна на општинските совети за финансирање на активности во областа на културата, треба исто така да ги земат предвид препораките дадени од страна на локалните КОМЗ. Постапките често се запоставени, особено во поголемите општини со големи општински буџети, додека анализата заклучува дека во руралните средини има повеќе примери за

подобро функционирање на КОМЗ (BONA MENTE: Поддршка на Комисиите за односи меѓу заедниците, 2011).

Во 2015 година, Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор, во соработка со ОБСЕ и Европскиот институт за мир (ЕИМ), подготви анализа за спроведувањето на ОРД. Општите заклучоци во однос на процесот на децентрализација, укажуваат на тоа дека фискалната децентрализација останува критична, транспарентната и правична распределба на средства за единиците на локалната самоуправа останува значаен предизвик.

Анализата на соодветна застапеност на етничките заедници укажува на тоа дека сите припадници на немнозинските заедници, вклучително и на албанската заедница, остануваат недоволно застапени, особено на раководни позиции. Покрај тоа, овластувањата на користење на јазикот на немнозинските заедници сè уште не се вреднуваат во процесот на вработување и биле ограничени напорите за зголемување на јазичната компетентност на администрацијата во однос на социјалната кохезија на работното место и комуникација со граѓаните (Секретаријат за спроведување на Охридскиот рамковен договор, 2015).

- Мерни инструменти

Во овој истражувачки проблем ќе бидат користени: дескриптивниот метод со цел да се опишува појавата и најзините карактеристики; каузалниот метод со цел да се испитува причинско-последичната поврзаност помеѓу основите на истражувањето (мултикултурните програми и соживотот во општина Кичево).

Постапки

• Анкетирање

- Анкетирање на директорите, наставниците и учениците вклучени во овие програми.

Инструменти

• Анкетни прашалници

Опис на инструментите

Писмен прашалник и личен контакт меѓу испитаникот и испитувачот (комбинирана анкета).

Прашалникот кој ќе го користиме според карактеристиките на прашањата е комбиниран. На задавањето ќе му претходи објаснување дека испитувањето е доброволно и анонимно.

Истражувањето ќе се спороведе во периодот од март 2021 година. Пополувањето на зададените инструменти ќе трае 30 минути.

6.4.Статистичка обработка на податоците

Главната хипотеза и најзините потхипотези ќе се тестираат преку утврдување корелација меѓу варијаблите. Утврдувањето на поврзаноста се прави со Пирсовиот кофициент на корелација на целиот примерок.


Анализа на податоците од истражувањето е направена со користење на статистичкиот пакет SPSS (Statistical Package for Social Sciences), од каде може да се измери фреквенцијата, процентуалната застапеност на податоците, мерките за централна тенденција (мода, медијана, стандардна девијација, дисперзија), како и графички приказ на податоците (хистограм).

Добиени резултати од спроведеното емпириско истражување за процесот на акомодација во различни мултиетнички средини

Емпириското истражување беше спроведено во различни мултиетнички средини и општини во кои живеат повеќе ентитети и се применува повеќејазичност во нашата држава, а со помош на алатката Survey monkey.

Во продолжение следуваат резултатите од ова истражување:


1. Прашање број 1: „**Дали знаете што е мултикултурно општество?“.**



На ова прашање 81,2 проценти од испитаниците одговориле дека знаат што е мултикултурно општество.


Негативно одговориле 0 проценти, а 18,18 проценти од испитаниците не биле сигурни дали знаат што е мултикултурно општество.

2. Прашање број 2: „**Дали живеете во регион или општина каде што е присутен мултикултурализмот?“.**




На ова прашање 63,64 проценти од испитаниците дале одговор „Да“, а со негативно одговориле 36,36 проценти од испитаниците.

3. Прашање број 3: „**Дали во Вашиот регион или општина има добри односи меѓу поединците и групите без оглед на културните различности?“**




На третото прашање 63,64 проценти од испитаниците одговориле потврдно, а негативно одговориле 18,18 проценти. Исто така, 18,18 проценти дале одговор „понекогаш“.

4. Прашање број 4: „**Во нашиот регион, односно општина, постои толеранција меѓу различните култури“.**




На ова прашање 0 проценти рекле дека воопшто не се согласуваат, „делумно не се согласувам“ бил одговорот на 27,27 проценти од испитаниците. „Делумно се согласувам“ бил одговорот на најголем дел од испитаниците, дури 72,73 проценти. 0 проценти одговориле со „целосно се согласувам“.

5. Прашање број 5: „**Дали локалната власт во вашата општина се грижи за различните етнички заедници и работи на подобрување на односите меѓу нив?“.**




45,45 проценти од испитаниците одговориле со „Да“, 9,09 проценти од испитаниците го избрале одговорот „Не“, а 45,45 проценти одговориле „не сум забележал/а“.

6. Прашање број 6: **„Дали настојувате да се прилагодите и да придонесете за подобар соживот во вашата средина?“.**




На ова прашање 90,91 проценти одговориле со „Да“, а 9,09 проценти од испитаниците одговориле со „Не“.

7. Прашање број 7: **„Дали во вашето место на живеење постои соживот и акомодираност?“.**




На ова прашање со „Да“ имаат одговорено 54,55 проценти од испитаниците, со „Не“ одговориле 18,18 проценти и со „не сум сигурен/а“ одговориле 27,27 проценти.

8. Прашање број 8: **„Дали во вашата средина се прават притисоци за акомодација - прилагодување на животот од различните етнички заедници?“.**




На ова прашање со „Да“ одговориле 18,18 проценти, негативно одговориле 36,36 проценти, а „Не сум сигурен“ бил најчестиот одговор, дури кај 45,45 проценти од испитаниците.

9. Прашање број 9: **„Дали во вашето место на живеење навреме се решаваат конфликтните состојби и постои соживот - акомодација?“.**



„Да“ е одговорот на 45,45 проценти, негативно одговориле 18,18 проценти од учесниците, а „Понекогаш“ бил одговорот на 36,36 проценти.

10. Прашање број 10: **„Дали сте се нашле под притисок за акомодација со некој од друга етничка заедница во вашето место на живеење?“.**



36,36 проценти од испитаниците одговориле со „Да“ на ова прашање, 45,45 проценти одговориле со „Не“, а со „Не се сеќавам“ одговориле 18,18 проценти.

Заклучни согледувања

Имајќи го предвид фактот дека во Република Северна Македонија живеат поголем број на етнички заедници, кои ги карактеризира различен културен модел, различна вероисповед, јазик, го наметнува прашањето за крактеристиките на македонското општество во тој поглед, односно за карактеристиките на мултикултурализмот и неговите специфичности. Од тие причини, треба да се обрне поголемо внимание и да се стави акцент на мултикултуралноста во образовниот систем на Република Северна Македонија.

Во тој контекс, покрај другите сфери на општествено живеење, треба да се посочи и нашата образовна пракса, при што се наметнува прашањето, имајќи ги предвид карактеристиките на македонското општество, какво образование е потребно, односно како да се реконструираат образовните институции, така што сите учесници во образовниот процес, без оглед на тоа дали припаѓаат на мнозинскиот народ или на етничките заедници, би можеле да стекнат знаења, вештини и ставови, што се потребни за ефикасно функционирање во културно и етнички разнородна средина.

Заради тоа, неопходно е образованието да претрпи промени. Ваквото образование не е наменето само за одредени етнички заедници без разлика на нивната бројност, туку тоа треба да им овозможи на сите учесници, независно од нивната национална припадност, да бидат добро информирани за својата земја, да водат грижа за неа и да станат активни граѓани во своите етнички мешани средини.

Во тој контекст, постојат сфаќања дека мултикултурното образование треба да го вклучи како етно-културното и историското наследство на мнозинскиот народ, така и етно-културните и историски наследства на останатите етнички заедници. И сето тоа да биде наменето за сите учесници, без оглед на нивната национална припадност, и кои учат во етнички чисти или мешани училишта, на етнички чиста или мешана територија. Инсистирањето само на културата на

мнозинскиот народ да се презентира како единствена култура во образовниот процес, може да води само кон дезинтеграција, а не кон градење доверба помеѓу различните етнички заедници во македонското општество.

Реформите во образованието и во другите сфери на општествено живеење треба да придонесат кон подобрување на меѓуетничкиот живот во земјата. Акомодирањето во суштина ќе придонесе кон она што значи да се биде обединет мора да биде процес што вклучува учесници кои произлегуваат од сите етнички заедници, кои морат да ги надминат своите културни и етнички граници со цел да придонесат за доброто на сите граѓани во земјата. На тој начин не само што ќе се надминат меѓуетничките тензии кои политичките фактори ги уфрлуваат по потреба за подигнување на своите партиски рејтинзи, посебно во фаза на предизборните циклуси.

Листа на клучни термини по азбучен редослед

Вештина

Вонинстуционално образование

Вредност

Граѓанин

Граѓанска свест

Граѓанство

Демократија

Демократска култура

Дескриптор

Диспозиција

Емпатија

Етноцентризам

Знаење

Интеркултурен дијалог

Интеркултурна компетентност

Компетентност

Критичко разбирање

Култура

Мултиперспективност

Неформално образование

Одговорност

Образование за демократско граѓанство (ОДГ)

Образование за човекови права (ОЧП)

Повеќејазичност

Почит

Резултати од учењето

Самоефикасност

Став

Толеранција

Толеранција на различно мислење

Формално образование

Користена литература

1. Ацески, И. (1998). Социологија, Скопје

2. Алаѓозовски, Р. (2005). Мултикултурализам со фабричка грешка, во И. Додевски уред., Мултикултурализмот во Македонија: модел во настанување, Скопје, Фондација Институт отворено општество.

3. Атанасов, П. (2003). Мултикултурализмот како теорија, политика и практика, Скопје, Евро-Балкан Пресс

4. Атанасов П. (2005). Македонскиот мултикултурален модел: класното и етничкото како фактори на мобилизација, во И. Додевски уред., Мултикултурализмот во Македонија: модел во настанување, Скопје, Фондација Институт отворено општество.

5. Википедија, Етнички групи (2010) http://sr.wikipedia.org/srel,

6. Докмановиќ, М. (2005). Мултикултурализам наспрема бикултурализам - една македонска приказна, во Додевски, И ., Модел во настанување, Скопје, Фондација Институт отворено општество

7. Доневска, М. (1999). Теоретски основи на социјалната работа, Филозофски факултет, Скопје

8. Доневска, М. (2006). Социјална работа во локална заедница, Филозофски факултет, Скопје

9. Ибрахими, М. (2005). Многујазичноста како главен сегмент на мултикултурализмот, во Додевски, И., уред., Мултикултурализмот во Македонија: модел во настанување, Скопје, Фондација Институт отворено општество

10. Илиќ, М. (1978). Социологија културе и уметности. Београд

11. Maleska, M. (2010). Interethnic Relations in Macedonia: People Centered Analyses, New Balkan Politic

(Issue 12, 2010) http://www.newbalkanpolitics.org.mk/documents/pdENBP,Maleska%20M.pdf, 12. Murtezai E., Fjalor i Filozofisë, (2007), Tiranë,

13. Набљудувачка мисија на ОБСЕ во Скопје (2010). Возраст, контакт и прецепции, Како училиштата ги оформуваат релациите помеѓу етничките заедници, Скопје, http://www.osce.Org/files/documents/7/0/41445.pdf, 93

14. Naskova, Z, Mehmeti, M dhe Imeli, Sh., Politikat dhe praktikat ndërkulturore në komunat Gostivar, Tetovë, Kërçoyë,-Bërvenicë, Vrapçisht, Jegunovcë, AD, 2013

15. Петроска-Бешка, В., Најческа, М., Кениг, Н., Балажи, С. И., Томовска, А., Мултикултурализмот и мултиетничките односи во образованието, Канцеларија на УНИЦЕФ, (2009), Скопје

16. Петроски В, Мирческа С, Петрова-Ѓорѓева Е., Мултикултурните општества и етничко-културната дистанца

17. Principet e arsimit multikulturor, Мир, 2010

18. Промоција на мултикултурализмот во образованието, Мир, 2013

19. Propozim - plani strategjik për përmirësimin e mirëkuptimit ndërkulturor në komunën e Kërçovës, 2014

20. Sinani,Abdylnaser (2011) Multikulturalizimi apo interkulturalizmi: cili është modeli që i nevojitet Maqedonisë/ Dituria,2011 Nr.5 Vellimi 2

21. Sinani,Abdylnaser Arsmi i integruar në R. e Maqedonisë, Instituti i Pedagogjisë, Shkup, 2012

22. Социјални вештини и одговорности на наставници и стручни работници во училиштето, Прирачник

23. Sulejmani, Metush, Nderlidhshmeria dhe ndikimi reciprok i komponentes kulturo-vlerore te procesit edukativo arsimor dhe marredheniet nderetnike në R. E Maqedonisë. Teze magistrature

24. Shehu, Sh. (1999). Sociologjia e arsimit .makedonska riznica:Kumanove

25. Училиштето по мерка на детето; анализа на ситуацијата, УНИЦЕФ, 2007

26. Ташева, М., Ѓуровска, М., Петковска, А., Мипоски, К. (1998). Етпички групи во Македонија - Современи состојби, Скопје, Филозофски факултет

27. Трбојевиќ, С. (2008). Влијанието на мултикултурализмот во праксата на социјалната работа и реформите на социјалната држава, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, магистерски труд

28. Zikel S, The Influence of MulticulturalEducational Practices on Student Outcomes and Intergroup Relations, Teachers College Record Volume 110, Number 6, June 2008

29. Ајф, Џим (2009). Човековите права и социјалната работа. Превод Елена Јанкоска. Скопје: Академски печат.

30. Бауман, Герд. (2009). Мултикултурната загатка: реобмислување на националниот, етничкиот и религиозниот идентитет. Превод Слаѓана Стефановска, Христина Шеќеровска. Скопје

31. Три. Британика, енциклопедиски речник. 1-10. Книга 5. 2005. Скопје

32.Топер. Вујаклија, Милан (1991). Лексикон страних речи и израза. Београд: Просвета. Гирц, Клифорд. 2007.

33. Толкување на културите. Превод Ѓулнихал Исмаил. Скопје: Магор. Лотман, Јуриј М. 2006.

34. Семиосфера: во световите на мислењето. Превод Марија Ѓорѓиева. Скопје: Три. Саид, Едвард, 2003.

35. Ориентализам: западни концепции за Ориентот. Превод Зоран Анчевски. Скопје: Магор. Спивак, Гајатри Чакраворти. 2003

36. Постколонијална критика. Преведувач и редактор Роберт Алаѓозовски. Превод Лавинија Шувака. Скопје: Темплум. 211 Србиновска, Славица. 2003

37. Низ призмата на другиот. Скопје: Сигмапрес. Тодоров, Цветан. 2005

38. Должности и наслади. Превод од француски јазик, предговор и белешки Атанас Вангелов. Скопје: Фондација „Небрегово“. Џепароски, И. (ур.). 2007

39. Аспекти на другоста: зборник по културологија. Скопје: Евро-Балкан Пресс, Менор

40. Гордон Маршал, Оксфордски речник по социологија, Скопје, 2004

41.Вил Кимлика, Мултикултурализмот-мултикултутно граѓанско, Загреб, 2004

42. Владо Петровски, Етничноста како фактор за образование во Република Македонија, 2006.

43. Марија Ташева, Социологија, Скопје, 2003

44. Владо Петровски, Социологија, Штип, 2006

45. Данило Марковиќ, Социологија и глобализацијата, Ниш, 2004